ЈДГ "8 МАРТ"-НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ
лоциран на ул."Христо Татарчев"бр.45 тел 389 2.2779-229 и faks 389 2 2775-335
www.jdg-8mart-skopje.org.mk e-mail osmimart__rasadnik@yahoo.com

**Бр .I 01-580/1**
**од 18 .09. 2014 год.**
**С к о п ј е**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2014 / 2015 ГОДИНА

**Скопје, Септември 2014 година**

## *I ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА*

Појдовни основи за изготвување на Годишната програма за работа на ЈДГ "8 Март"на општина Кисела Вода во Град Скопје, се:

- член 59 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ 98/2000);
- Програма за рано учење и развој (Сл. весник на Р.М бр. 22 /13 и 12/14 од 06.03.2014г.);
- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 год. возраст- документ изработен од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија и канцеларија на УНИЦЕФ;
- Проект "Основи на демократија - пат кон граѓанско општество" на Бирото за развој на образованаието и МОН на Р.Македонија;
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини;
- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала ЈДГ "8 Март" на општина Кисела Вода во град Скопје, во повеќегодишниот период на плодна згрижувачко - воспитна и образовна активност;
- Најновите педагошко - психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- Педагошко - психолошка литература за развојот на детето до поаѓање во училиште;

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишна возраст преставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од детското воспитание и образование е од голем општествен интерес.

Оттаму сé е насочено кон подобрување на условите за практична апликација на хуманистичкиот-педагошко-психолошки правец, кој е во функција на развој на хумана, креативна, слободна и творечка личност.

Имајќи ги предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања на тоа поле, во ЈДГ, во текот на 2014/2015 година примарно се предвидуваат следните стратегии и педагошки акции:

-имплементирање и спроведување на суштинското и содржинското значење на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 5,8 год. возраст;

-целосно имплементирање и практи;но спроведување на новопропишаната педагошка документација ,како во пишувана , така и во електронска форма;

- спроведување на практиката за водење на документ- Досие на детето од поаѓање во градинка до заминување во училиште;
- воведување на позитивни искуства од надвор со што на родителите ќе се понуди повисок квалитет на услуга кон нивните деца;
- давање поголем акцент во имплементацијата на проектот "Основи на демократијата", кој преку добра и осмислена програма ќе најде место

во тематскиот начин на планирање и директно реализирање во воспитно - образовниот процес, како и следење на резултатите од истиот;

- унапредување на работата во предучилишната установа преку продолжување на имплементацијата на проектот за модернизација на работата во предучилишната установа кој за наредната година ќе цели кон проширување на неговите содржини и користење на истите во работата со воспитните групи од останатите објекти.
- опремување на простории во установата кои ќе бидат наменети како за индивидуална работа со децата, така и за работа на стручните работници и соработници на планот на самоедукација и стручна самонадоградба;
- интезивирање на заложбите во насока на добивање согласности за ангажирање на психолог и дефектолог кои заедно со постоечките стручни работници ќе создадат целосен тим за стручна и тимска работа со децата кои имаат било какви отстапувања во својот развиток;
- следење на актуелните состојби во околината во која делуваат објектите на ЈДГ преку примена на анкети, истражувања и сл. и преку вклучување на деца со посебни потреби во редовните групи, создавање услови за градење на инклузивни занимални;
- координирање, организирање и насочување на работата во новоотворените објекти со правилно, рационално и квалитетно организирање на работата во секој можен сегмент;
- натамошно усовршување на процесот на опсервација заради зајакнување и надградување на индивидуалната работа и поуспешно планирање на воспитно - образовниот процес;
- изнаоѓање нови форми и начини на инволвирање на родителите во институционалното воспитно - образовно делување, што би се рефлектирало и на семејното воспитување;
- интензивирање на педагошката едукација на родителите;
- надградување на процесот на стручно усовршување на кадарот;
- реализација на активности во насока на модернизирање на работата на стручниот кадар;
- реализација на осмислени и испланирани активности во насока на обука, едукација и менторство на работата на лица кои како волонтери ќе бидат ангажирани од страна на установата во текот на целата учебна година;
- работа на целосна, детална и квалитетна реализација на проекти предложени од страна на МТСП на Р.Македонија , како и од членовите на Стручниот совет на установата;
- реализирање на манифестации и случувања кои непосредно би ја одразувале и презентирале како работата со децата, така и оној дел од активностите кој ја преставува севкупната работа на установата;

- Анимирање, организирање, насочување и едуцирање на родителите во насока на развивање здрави навики кај децата, здрав начин на исхрана и здрав начин на живот;
- хуманитарни активности;

Целта на сите наведени стратегии и акции е поставување основи секоја детска личност да се изгради во посебна индивидуа која ќе умее да ги почитува основните норми на општественото живеење, отворање кон семејствата и пошироката околина, почитување на партнерската улога на детето во планирањето на сите елементи во воспитно - образовниот процес во ЈДГ како и поголемо активирање на децата и нивна интеракција во процесот на осознавање и слично.

## ***II. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ***

ЈДГ “8 Март” - на општина Кисела Вода во Град Скопје својата дејност ја остварува во пет објекти и тоа:

- Објект "Пржино" на ул. "Кавалска" бр.3, нас. Пржино;
- Објект "Расадник" на ул. "Христо Татарчев" бр.45,
- Објект “Пеперутка 1” на ул.Ратко Митровиќ” бр.4 нас. Драчево
- Објект “Пеперутка 2” на ул.Ратко Митровиќ” ббр.4 нас. Драчево
- Објект “Ѕуница” –с. Драчево ,

како и во една

- Групата во други просторни услови “Зеленика” општина Зелениково .

Од месец Октомври /2014г. општина Кисела Вода планира отварање на нов објект во населеното место Припор - објект чија изградба е целосно финансирана од локалната самоуправа, додека пак внатрешното уредување планирано е да биде од страна на МТСП на Р.Македонија.

Објектите се градени наменски за згрижување, воспитание и образование на деца од 9 месеци до 6 годишна возраст и со големината што одговара на потребите според бројот и возраста на децата во нив.

Дворните површини веќе задоволуваат со својот изглед и опременост за солиден и организиран престој на децата на чист воздух , за разлика од минатите години кога не беше евидентен напредокот во насока на нивно уредување.Установата секако дека тука нема да застане, напротив и во иднина ќе се труди и ќе вложува во насока на што посодржинско опремување на дворовите со што истите би станале сврталиште како за нашите деца така и за оние кои живеат во непосредната околина.

Активности кои би биле во насока на уредување на дворните површини ќе се одвиваат во насоки кои се впрочем продолжување на активностите кои минатата година беа сработени, кое впрочем е детално опишано во Годишниот извештај за 2013/2014г.:

- Одржување и уреденост на тревните површини заедно со песочниците;

-во континуитет ќе се продолжи со одржување на тревниците во сите дворови, што всушност ќе значи :

- засејување на ново семе(трева);
- засадување на садници од цвеќиња;
- засадување на грмушести растенија;
- одржување на постоечко-посадените растенија;
- организирање на простор за одгледување на градинарски и овошни производи- составен дел од реализацијата на проектот "Градините во детските градинки";

Установата е реализатор на проектот "Имплементација на еколошка едукација во македонскиот образовен систем" во чии рамки преставниците во Еко одборот од редот на воспитувачите на ниво на секој објект ќе добијат за задача од директорот на установата да изработат динамичен план за целата учебна година во кој детално ќе ги предвидат сите активности , по месеци, кои би ги реализирале со цел разубавување на нашите дворови.

- Во континуитет ќе продолжиме со одржување на постоечките реквизити, и опремување со нови,а во соработка со општина Кисела Вода поставување на осветлување со цел поголема заштита на објектите, како и можност за вечерно користење на дворовите во објектите;

  За наредната година планираме да организираме обезбедување на нашите објекти во вечерните часови, со финасиски средства кои ќе ги обезбеди установата;
- Во континуитет ќе продолжиме со одржување на оградата на дворовите и поправка на истата;

  -таму каде има потреба од санација на оградата ( од причина што населението околу нас постојано ја оштетува) ќе се санира и ќе планираме средства за обезбедување на основна заштитна боја и боја за префарбување на оградата.
- Нашето барање и инсистирање уште од минатата година упатено до градоначалникот на општина Зелениково не вроди со никаков плод.Останува и оваа година да очекуваме од тамошната локална самоуправа да даде придонес кон хортикултурно уредување на дворчето позади градинката;
- Што се однесува до дворната површина за игра, престој и рекреација на деца во објектот во с.Драчево, покрај неговата моментална уреденост има потреба оградување со цел истиот исклучително да биде наменет само за децата кои се згрижени во овој објект(улога која треба да ја одигра локалната самоуправа како сопственик на просторот како на училиштето, така и на детската градинка која е лоцирана во ист двор со училиштето),како и опремување на истиот со реквизите наменети за деца од предучилишна возраст;

Работното време во сите објекти се реализира во период од 6.00 до 18,00 часот.

Во ЈДГ се реализираат следните форми на престој:

- јасли - згрижувачко - воспитна дејност со деца од 9 - 24 месеци;
- градинка - воспитно-образовна дејност со деца од 2 – 5,8 години ;

а) целодневен престој
б) полудневен престој
в) игрална
г) реализација на факултативни програми

**Објект "Пржино"** е од типот сончогледи и има нето корисна површина од 1242 м2 и дворна површина од 6001м2. Во овој објект секоја воспитна група има занимална за игри и престој, која се користи и како трпезарија, простории кои се користат како спални со што се надминува состојбата на престој и спиење на децата во иста просторија( но не за сите групи). За слободни, рекреативни и забавни детски активности особено во зимскиот период се користи посебна просторија – сала во која има реквизити кои децата во присуство на воспитувачот или негователот можат да ги користат.

Објектот е опремен со функционални основни средства и ситен инвентар, кој е сообразен со возраста на децата и ги задоволува нивните потреби.

Просториите во јаслениот дел каде што престојуваат децата се осветлени и просторно одговараат на нивната возраст.

Постојат тријажни одделенија, гардероби, како и други простории: скривници, котлара, перална, магацин за прехранбени артикли и други простории.

Затоплувањето во објектот "Пржино" е сопствено, на нафта.

Со неофицијално известување од страна на општина Кисела Вода за наредната година се предвидува поставување на котел за користење на био - гориво со цел поголема заштеда и подобра затопленост на објектот.

Заедничките служби ги вршат сите управни, правни кадровски, административни, економски, финансиски и технички работи.

Во текот на наредната година во овој објект има потреба од :

- Варосување и поставување на термо- изолација на фасадата на објектот;
- Санирање на санитарните чворови за деца и вработени;
- Лакирање на паркетот;
- Целосна замена на прозорци и врати(столарија) со што ќе се постигне многу на заштеда на топлинска енергија со што објектот би станал енергетски ефикасен ;
- Инвестиција во насока на промена на мебелот во занималните и ходниците;
- Промена на теписони
- Поставување на венецијанер-завеси;
- Промена на лустерите (осветлувањето) во занималните и ходниците таму каде има потреба;

- За овој објект да се планираат финансиски средства за изработка на проекти, елаборати и предмер пресметки за потребите на дел од погоре предвидените ставки;
- Набавка на летни униформи;
- Набавка на обувки;

**Објект "Расадник"** е објект од тврда градба и истиот е современ, функционално опремен во сите работни простории.

Секоја воспитна група има занимална која служи и како трпезарија, а покрај секоја има гардероби и санитарен јазол. Постои сала за повеќе намени како и кабинети за воспитувачкиот и негователскиот кадар, гардероби за вработените, административни и други простории. Лекарската соба од причина што изминативе неколку години нашата установа нема ниту доктор, ниту медицинска сестра ( улогата на медицинска сестра за потребите на установата доброволно ја извршува неговател со завршено ССС- медицинска сестра- Г.ѓа Олгица Стојановска) , заради големите потреби за опфат на деца ја преадаптиравме во спална каде со децата од јаслена возраст се реализира пладневниот одмор.

За лекарска соба е пренаменета просторија која е опремена со најнеопходна опрема и локациски е сместена во јаслениот дел.

Во објектот "Расадник" сместена е централна кујна која е опремена со потребната опрема и која ги опслужува потребите за храна како за матичниот објект, така и за останатите наши објекти. Реновираната централна кујна во која се имплементирани и НАССП стандардите до крајот на наредната година планираме да ја доопремиме со нова (дополнителна) кујнска опрема , заради многу зголемената бројка на деца кои се опфатени во овој објект.

Оброците на децата се подготвуваат во централната кујна за останатите четири објекти и од постоечките кујни храната се дели по групи, а до останатите објекти се транспортира со возила. Во кујните од сите објекти засебно се подготвува втората ужинка(кога по листа на јадење е нешто месено или варено), со цел да се растерети ангажманот и оптереноста на централната кујна.

Во објектот "Расадник" сместена е и перална .

Затоплувањето е централно, приклучено на градската топлификациона мрежа. Вкупната површина на објектот "Расадник" изнесува под објект 1505 м2 и двор 5272м2 по најново добиениот имотен лист од катастар.

Во текот на наредната година во овој објект има потреба од :

- Варосување и поставување на термо- изолација на фасадата на објектот;
- Санирање на санитарните чворови за деца и вработени;
- Лакирање на паркетот;
- Целосна замена на прозорци и врати(столарија) со што ќе се постигне многу на заштеда на топлинска енергија со што објектот би станал енергетски ефикасен ;

- Инвестиција во насока на промена на мебелот во занималните и ходниците;
- Промена на теписони;
- Поставување на венецијанер-завеси;
- Целосно оспособување на просторот на пералната за продолжување со индивидуална работа во насока на редовно одржување на постелнината;
- За овој објект да се планираат финансиски средства за изработка на проекти, елаборати и предмер пресметки за потребите на дел од погоре предвидените ставки;
- Набавка на летни униформи;
- Набавка на обувки;

**Објект "Пеперутка 1"** е објект - барака и истиот е во функција за извршување на основните активности карактеристични за институција од ваков тип. Просториите, иако дотраени сепак се во функција за извршување на активностите за кои се наменети.

Секоја воспитна група има занимална која служи и како трпезарија, гардероби и санитарен јазел. Три простории од овој објект се адаптирании и се користат како спални за дневен одмор на деца од делот градинка. Постои сала за повеќе намени како и кабинети за воспитувачкиот кадар, изолациона и лекарска соба, гардероби за вработените, административни и други простории.

Во текот на наредната година во овој објект има потреба од :

- Санирање на санитарните чворови за деца и вработени;
- Лакирање на паркетот;
- Инвестиција во насока на промена на мебелот во занималните и ходниците;
- Промена на теписони;
- Поставување на венецијанер-завеси;
- Доопремување на кујните со кујнски ситен инвентар и друга дополнителна опрема;
- За овој објект да се планираат финансиски средства за изработка на проекти, елаборати и предмер пресметки за потребите на дел од погоре предвидените ставки;
- Набавка на летни униформи;
- Набавка на обувки;

Овие два објекти кои се водат под "Пеперутка 1" се објекти кои се направени како времени објекти веднаш по земјотресот во 1963г.Оценувајќи ја моменталната состојба на објектите **најрационано би било** кога истите целосно би се срушиле и на нивно место би се изградил нов објект кој со "топла врска" би бил припоен кон постоечкиот кој инаку е понова и по конструкција е цврста градба.

**Објект "Пеперутка 2"** е објект од црста градба и истиот е современ, функционално опремен во сите работни простории.

Секоја воспитна група има занимална која служи и како трпезарија, гардероби и санитарен јазел.

Овој објект е од типот Сончогледи и има нето корисна површина од 1.200м2 и има чајна кујна од каде храната се транспортира по групи.

Затоплувањето на овој објект се врши со нафта - локално.
Со неофицијално известување од страна на општина Кисела Вода за наредната година се предвидува поставување на котел за користење на био -гориво со цел поголема заштеда и подобра затопленост на објектот.

Вкупната дворна површина на објектите во нас. Драчево изнесува 9.026 м2.

Во текот на наредната година во овој објект има потреба од :

- Санирање на санитарните чворови за деца и вработени;
- Лакирање на паркетот;
- Промена на теписони;
- Поставување на венецијанер-завеси;
- За овој објект да се планираат финансиски средства за изработка на проекти, елаборати и предмер пресметки за потребите на дел од погоре предвидените ставки;
- Набавка на летни униформи;
- Набавка на обувки;

**Објект"Ѕуница" –** локациски е сместен во простор кој е дел од ОУ"Св. Климент Охридски" с. Драчево и истиот со претходно реновирање, адаптирање и доградба финасирано од општина Кисела Вода , се пренамени во објект за прифаќање и згрижување на деца од предучилишна возраст во 3(три) воспитни групи од кои една јаслена и две групи градинка.Објектот е цврста градба, граден според стандарди за енергетско ефикасен објект и ги исполнува сите предуслови наведени во официјално важечките стандарди и нормативи за работа на детските градинки.Објектот располага со три простории-занимални, ходник, детски тоалети, тоалети за возрасни, кујна, тријажен дел и влезна тераса со вкупна површина од 300 м2.Објектот ќе користи дворна површина од основното училиште во чии рамки е сместено.Загревањето на овој објект ќе биде на струја со инвертори.
Во текот на наредната година во овој објект има потреба од :

- Поставување на завеси;
- Доопремување на кујната со машина за миење садови;
- Набавка на машина за садови;
- Набавка на летни униформи;
- Набавка на обувки;

**Групата во други просторни услови-“Зеленика” опш. Зелениково**

Овој објект е лоциран во рамките на О.У.”Марко Цепенков “ и истиот се пренамени во објект за прифаќање и згрижување на деца од предучилишна возраст во 2(две) воспитни групи од кои една јаслена и една група градинка. Во моментов во групата во други просторни услови функционира една група по состав мешана ( потенцијално постои можност од отварање на уште една група но под услов доколку се обезбеди согласност за ангажирање на лица/ два(2) негователи/ кои би работеле во таа воспитна група ) од причина што од 2008г. од кога е отворена градинката немаме добиено согласност за ангажирање на потребен кадар со кој овој објект би функционирал без никакви проблеми. Објектот е цврста градба и ги исполнува сите предуслови наведени во официјално важечките стандарди и нормативи за работа на детските градинки.Објектот располага со две простории-занимални, ходник, детски тоалет, тоалет за возрасни, кујна,трпезарија , тријажен дел и влезна тераса со вкупна површина од 300 м2.Објектот ќе користи дворна површина од основното училиште во чии рамки е сместено.Загревањето на овој објект ќе биде на парно на струја .

За групата во други просторни услови која е под управа на ЈДГ ”8 Март” на општина Кисела Вода во град Скопје немаме никаква информација дека Советот на општина Зелениково ја има отпочнато постапката за донесување на одлука за отварање на детска градинка на територија на нивната општина , на основа на која ќе треба да добие согласност од МТСП на Р. Македонија за превземање на ингеренциите на истата од нашата установа.

Воедно, од наша страна до Градоначалникот на општина Зелениково ќе биде доставена писмена информација со која ќе биде известен дека навреме (во период кога се креира буџетот на установата ) да планира и обезбеди средства за :

- Плаќање на вработените;
- За тековни инвестиции во објектот;
- Потреба од инвестиција за набавка на дидактика и реквизити за игра и забава во двор;

Напоменуваме дека за сите изминати години ( од 2008 година навака) општина Зелениково во буквална смисла на зборот нема обезбедено ниту една од побараните инвестиции потребни за нормално функционирање на групата во други просторни услови и истата во овој период е финансирана од буџетот на ЈДГ”8 Март” на општина Кисела Вода во град Скопје и буџетот на општина Кисела Вода .

**Објектот кој е планирано да се отвори во населеното место во Припор** е простор кој преставува доградба прилепена кон просториите од ОУ."Круме Кепески"(подрачно училиште) и кој се состои од 4(четири) простории наменети за прифаќање на деца ( една за јаслена возраст и три простории за деца од дел градинка) како и пропратни простории ( санитарни чворови, магацински простор, канцеларии, кујна, тријачен дел и сл.).

Проектиран капацитет за овој објект е 100 деца.

***Опременост на просториите за воспитно-образовна дејност***

Опременоста на ентериерот одговара на функцијата на градинката во сите објекти. Воспитно -образовните активности во просторијата за учење треба да се реализираат во центри за учење(тематски структуиран простор). Основни центри се :

- литературен центар
- математички центар
- центар за игри со конструктивен материјал
- научно/истражувачки центар
- уметнички центар
- компјутерско/информатички центар
- центар за игра на улоги, драматизација и куклени престави
- центар за изложување на детските творби ( во висина на детските очи)

По однос на опремувањето на ентериерот во објектите, ЈДГ ќе преземе соодветни мерки и тоа:

- набавка на елементи за различни центри и конструктивен материјал (дрвен и пластичен);
- набавка на детска литература за богатење на литературниот центар;
- набавка на реквизити за спортски активности за салите во сите објекти;
- дидактичко опремување на занималните ;
- градинката ќе реализира акција за потикнување на иницијативата на родителите за донирање на играчки сите со проверен квалитет.

***Библиотека***

ЈДГ, за стручно усовршување на кадарот и за унапредување на дејноста располага со соодветен библиотечен фонд од стручна и детска литература чиј број, во текот на наредната година ќе се зголемува. Библиотечниот фонд располага со книги кои го следат современиот тренд на педагошката наука, како и современите потреби за реализацијата на воспитно - образовната дејност, како на пример: отвореноста на градинката, демократизација на воспитно-образовниот процес, тематското планирање и слично.

По однос на тоа, предвидена е набавка на нови литературни наслови и прирачници. Паралелно се опремуваат библиотеките во сите објекти кои се под управа на ЈДГ"8 Март" на општина Кисела Вода во град Скопје .

Детската литература ќе биде збогатена со нови сликовници, приказни и драмски текстови, а по потреба и со детски енциклопедии од различен вид, книги со детски игри и слично.

***<u>Број на воспитните групи и број на деца</u>***

| Видови на воспитни групи јасли | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на деца |
|---|---|---|---|
| | 9-12 месеци | / | / |
| | 12-18 месеци | 5 | 83 |
| | 18-24 месеци | 6 | 89 |
| ***Вкупно јасли:*** | | ***11 групи*** | ***172 деца*** |
| Видови на воспитни групи-градинка | Прва мала група | 7 | 190 |
| | Втора мала група | 8 | 224 |
| | Средна група | 8 | 217 |
| | Голема група | 9 | 270 |
| | Мешана група | 1 | 27 |
| <u>Вкупно градинка:</u> | | **33 групи** | **928 деца** |
| ***<u>ВКУПНО ДЕЛ ЈАСЛИ И ДЕЛ ГРАДИНКА:</u>*** | | ***<u>44 ГРУПИ</u>*** | ***<u>1100 ДЕЦА</u>*** |

**Во објектот кој се планира да биде отворен во населеното место Припор според просторниот капацитет ќе се отворат 4 (четири) воспитно образовни групи од кои :**

- **1 (една) воспитна група - јасли со проектиран капацитет од 20 деца**
- **3 (три) воспитни групи - градинка со проектиран капацитет од 80 деца.**

**Со овој нов објект во установата ќе има згрижено 1200 деца во 48 воспитни групи, со што нашата установа ќе има статус како градинка од многу голем капацитет.**

## *III ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ЈДГ*

ЈДГ во текот на годината, ќе се труди да обезбеди оптимални услови за живеење и развој на децата во неа преку:

- почитување на детскиот индивидуалитет и интегритет;
- детските достигнувања, потреби, интереси и барања;
- почитување на возраста на детето;
- почитување на потребите на семејствата; и
- почитување на најновите педагошки сознанија за детските развојни потенцијали.

Непосредната работа со децата опфаќа: воспитно-образовно дејствување врз сите аспекти на развојот, како и секојдневна нега и исхрана на детето. Таа ќе биде регулирана преку годишните, месечните- тематските и дневните планови со акцент на евидентирањето на успешноста во реализирање на предвидените задачи. Посебен акцент се става на индивидуалното следење на деца (Досие на дете) како најдобар начин на следење на детскиот развиток и воспитно -образовно влијание на истиот.

Насочувањето на развојот на децата ќе се реализира преку следните форми: целодневен престој (јасли и градинка), полудневен престој, игрална, како и факултативни активности.

Во градинката во текот на денот се одвиваат воспитно-образовни активности во интерес на раното учење и развој на децата .Тоа се следниве активности:

- прием на деца
- слободни активности и игри
- исхрана
- реализација на дневно планирање(претпладне и попладне)
- пасивен и активен одмор
- реализација на факултативни програми(доколку има интерес од родителите)
- моторички активности, прошетки, набљудувања, активности за стекнување културни и хигиенски навики, учество во различни манифестации, индивидуална работа со деца и со родители;

### 1. Организација на работата во детски јасли

ЈДГ “8 Март” - Скопје, згрижува 172 деца од јаслена возраст во 11 возрасни групи.

Работата со децата од јаслена возраст опфаќа нега,лична хигиена,одмор на децата, исхрана и активности на формирање на навики за целокупниот развој во соодветната возраст. За наредниот период постои наговестување од страна на МТСП на Р.Македонија и УНИЦЕФ  за реализација на обуки на негователскиот кадар,директорот и педагогот за организација на воспитно образовни активности во јаслените групи.До обуките во јаслените групи се реализираат активности според веќе познатиот начин на планирање и реализација.Негователскиот кадар во делот градинка ќе реализира активности поврзани со реализација на стандардите кои воспитувачот ги поставува во дневното планирање ( реализацијата ќе започне по обуката на педагогот за негователите од делот градинка , но и јасли во насока на запознавање со имплементацијата на стандардите за ран детски развој)

Всушност,начинот на планирање во јаслите ќе се реализира после реализација на обуките на МТСП и УНИЦЕФ и дополнителните обуки од директорот и  педагогот на установата.

Организацијата на престојот и животот на децата во јаслените групи е во согласност со официјалната Програма за рано учење и развој која и оваа возрасна категорија деца воспитно образовно и развојно ја третира според Стандардите за рано учење и развој која е надополнета со иновативни елементи од аспект на избор на стандарди според кои секое дете се следи и стимулира во индивидуалниот развој.

Воспитните активности со децата, согласно со нивната возраст и избор на стандарди и цели ќе бидат реализирани по потреба индивидуално и групно, со што ќе се обрне внимание на сите аспекти (домени) од нивниот развој.

.Опремувањето на јаслените групи со:

- Игровен (дидактички материјал);
- Обновување на стариот и оштетен инвентар(боксови, креветчиња, душеци и постелнина)
- Набавка на столчиња за хранење на деца;
  се чекори т.е. постапки кои во текот на наредната календарска година ќе се продолжи да се реализираат во континуитет.

За децата од јаслените групи планирани се систематски прегледи повеќе пати во годината, но проблемот со немање медицинско лице во установата , многу години  station наназад , за установата претставува хендикеп во насока на перманентно водење грижа за здравјето на децата.На информативни паноа во континуитет ( еднаш месечно )  ќе се истакнува и листата на јадења за тековниот месец и постојано ќе се трудиме да воведуваме нови јадења зависно од вкусовите кај децата   со цел децата да се храната разновидно и пред се здраво .

Оваа година од страна на директорот на установата ќе биде организирано едукативно предавање на тема **“Да научиме децата здраво да ги храниме ” (16.10.2014г. Светски ден на здрава храна)** при што ќе биде ангажирано стручно лице-нутриционист сé со цел да воведеме неколку значајни промени во начинот на исхрана на децата како во градинка така и дома.

Установата во континуитет ќе продолжи со следење и контролирање на квалитетот на храната при тоа ангажирајќи соодветно-наменска институција надлежна за вакви испитувања.

## 2. Организација на работата во детската градинка

Оваа година целосно во детската градинка ќе бидат згрижени **1100** деца ( состојба Септември 2014г), во **44 воспитни групи**.

Со отварање на новиот објект бројката на деца ќе порасне на 1200 деца, сите згрижени во **48 воспитни групи**.

Воспитно - образовната дејност во градинката ја реализираат воспитувачите со асистенција на негователките, а во консултација со директорот, педагогот и логопедот и одговорните воспитувачи со група на објектите на ЈДГ. Оваа дејност, во сите воспитно - образовни групи ќе се планира според новата Програма за рано учење и развој донесена од МТСП на Р.Македонија.

Интегрираното -тематското планирање ќе ги опфати следните елементи:

- задолжителни аспекти на развој (домени)
- долгорочно-годишно планирање кое ги вклучува:глобалните воспитно - образовните цели, годишните глобални теми,организациони форми на работа,методи на подучување и учење,форми на соработка со родителите/старателите
- среднорочно-тематско планирање (разгранување на тема со активности по аспекти на развој(домени) и цели на темата по аспекти на развој (домени) и рефлексија на реализираната тема по аспекти на развој (домени)
- месечно планирање од педагогот кое подразбира: планирање и реализација на одбележувањето на поважни празници и свечености во текот на годината кое е дел од среднорочно-тематско планирање
- 8. Септември-Ден на независност на Р.Македонија;
- 12. Септември -Ден на забите;
- 22. Септември- Ден без автомобили;
- 28. Септември - Ден на срцето
- 4. Октомври- Ден на животните;
- Недела на детето(првата цела недела од месец Октомври 2014г.);
- 11. Октомври;
- 16. Октомври-Ден на здрава храна;
- од 15.Октомври до 15.Ноември - Денови на книгата;
- 20.Октомври- Ден на јаболкото;
- 23. Октомври- Ден на Македонската револуционерна борба
- 28.Октомври-Ден на цртаните филмови;
- 13 Ноември – празникот на градот Скопје;
- Есенска Свеченост;

- 8 Декември -Ден на Св.Климент Охридски;
- одбележување на верските празници( Велигден, Божиќ, Бадник-Коледе, );
- Нова година ;
- 11. Февруари - ден на болните;
- 8 .Март-Патронен празник на установата;
- 20. Март-Ден на среќата и поезијата;
- 21 Март -Ден на пролетта,екологијата и шумите;
- 22.Март - Ден на дрвото и Ден на заштита на водите
- 24.Март -Ден на метереологијата;
- 27.Март-Ден на театарот;
- 1 Април- ден на шегата;
- 7 Април -Ден на здравјето;
- 22 Април- Ден на планетата земја;
- 29.Април -Ден на танцувањето;
- 03.Мај- Ден на сонцето
- 6 Мај- Ѓурѓовден, празник на општината;
- 12 .Мај - Ден на мајката
- 14. Мај - Ден на ластовиците
- 15 Мај Ден на семејството
- 28.Мај -Ден на пеперутките

*дневно планирање, кое опфаќа: одредување на соодветен стандард, одредување на цели, наслов на дневната тема,набројување и опис на активностите,користени материјали,средства,стратегии за рано учење и подучување ,евиденција на постигнување на децата(индикатори и дневна рефлексија). Со цел поуспешно да се следат ефектите на воспитно-образовната дејност секој воспитувач ќе води:

- Дневник за работа на воспитната група (во периодот од 01.09.2014год.) во пишана и електронска форма;

- секојдневно следење на развојот на детето од сите аспекти(домени) ,кое следење два пати во учебната година се евидентира во Досие на детето.Во досие на детето се приложуваат детски карактеристични изработки,анегдотски белешки,записи и др.

- годишна анализа на реализираните теми ;

- друга евиденција по потреба.

Реализацијата на планираната воспитно-образовна дејност се одвива во текот на целиот престој на децата во градинката, без строга поделба на слободни и насочени активности и со интегрален приод на сите аспекти на детскиот развој. Распоредот на останатите игровни активности во текот на денот ќе го почитуваат режимот одреден со Програмата за рано учење и развој , но со извесна флексибилност согласно развојните ,индивидуални потреби на секое дете и семејствато и вклучувајќи ја креативноста на секој воспитувач

да го збогати и оплемени планираното сé со цел развивање на холистичкиот пристап на развојот на секое дете.

Во сите воспитно-образовни групи ќе се преферира индивидуалниот приод кон децата, со што нема да бидат изоставени сите останати потребни форми на воспитно-образовната работа.

Посебно внимание во текот на годината покрај другото ќе се посвети на:

а) работното воспитание на децата;
б) развој на здравствено-хигиенските навики кај нив;
в) културно - информативната и спортско-рекреативната дејност;
г) еколошко воспитание на децата;
д) едукација на децата во насока на културно и коректно однесување;

**а) Работно воспитание**

Работното воспитание, согласно со Програмата за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст ќе се реализира секојдневно преку:

- активирање на децата во воспитно-образовните и животните активности во градинката;
- поделба на обврски меѓу сите членови во групата (деца и возрасни), по пат на договор;
- посети и контакти со соодветни лица и институции;
-играње игри на улоги и имитативни игри во различните центри на активност за играње и активирање;
- презентирање модел на идентификација (примерот на воспитувачот)преку разработување различни содржини за таа цел: приказни, драмски текстови, песни и сл.

Работното воспитание, како примарни елементи во развојот на детската личност, ќе ги преферира следните:

- создавање потреба кај детето за активирање;
- создавање љубов и позитивен став кон влијанието на работливоста врз личноста;
- создавање работни навики, иницијативност;
- создавање постепена независност на детето при самопослужувањето од било кој вид;
- развивање правилен став кон себе си и своите потреби, верба во своите можности, чувство на задоволство при завршена работа и сл.

Овој аспект на воспитно - образовното дејствување ќе биде опфатен со задачите од годишното планирање, како и задачите и содржините за секоја тема посебно.

**б) Развој на здравствено - хигиенски навики**

Како и работното воспитание така и развојот на здравствено - хигиенските навики ќе биде реализирано секојдневно и ќе се движат во следните насоки (цели):

- осознавање на причините за потребата од стекнување здравствено-хигиенски навики;
- откривање на содржината и суштината на здравствената грижа и хигиената воопшто;
- откривање на начините на искористување на овие навики во полза на сопственото здравје (одржување на хигиената и здравјето);
- создавање љубов и почитување кон себе и околината.

Начините на реализирање на наведените насоки ќе бидат исти како и кај работното воспитание.

Покрај наведеното ќе се спроведува и следното:

- редовно проветрување на просториите;
- редовно менување на постелнината на децата;
-чести прегледи на децата од страна на лекарот во ЈДГ; ( доколку Ресорното министерство ни́ достави согласност за ангажирање на едно медицинско лице);
- разговори со родителите по однос на одржување на хигиената и здравјето;
- разработување содржини со соодветна проблематика;
- редовно миење на рацете на децата;
- заедничко одржување на хигиената на просториите и предметите во нив.
-следење, воведување и почитување на насоките од страна на Министерството за здравство и подрачниот санитарен инспектор кои во континуитет пристигнуваат во нашата установа.
-реализација и имплементација на низа проекти одобрени и понудени од страна на МТСП на Р.Македонија во насока на одржување на оралното здравје кај децата, јакнење на културно-хигиенските навики ис л.
-Имплементирање и изработување на акциони планови во установата во насока на обезбедување, планирање и насочување на работата на секој учесник во воспитно- образовниот процес во услови на екстремно високи или екстремно ниски температури во лето односно зима, се́ во интерес на здравјето на децата но и на возрасните, родителите, вработените и сл.- политика која последниве години ја гради, поттикнува и поддржува Владата на Р.Македонија, а која ние вон аши рамки и сообразно со нашите услови на работење треба да ја имплементираме на најсоодветен начин.

Согласно со целите на превентивно - здравствената заштита, таа ќе се реализира на три нивоа:

- конкретно превземени здравствени и хигиенски мерки;
- воспитно - образовно дејствување врз децата заради заштита на сопственото и туѓото здравје и заштита на околината;

- стручно усовршување на воспитно - образовниот и згрижувачко - воспитниот кадар за поттикнување на физичкото и психичкото здравје кај децата.За реализација на последното ниво ќе се реализираат консултации со директорот, педагогот и одговорните воспитувачи со група ,како и преку консултации ( користење) на стручна литература, соработка со соодветни институции и слично.

Носители на оваа дејност ќе бидат воспитно - образовниот, згрижувачко-воспитниот кадар, одговорните воспитувачи со група и директорот на ЈДГ.

Установата и ова година , во услови кога нема добиено согласност за ангажирање на медицинско лице, ниту доктор ниту медицинска сестра, ќе ангажира едно лице од редот на вработените , Олгица Стојановска- медицинска сестра, во улога на лице кое со посебно задолжение ќе биде ангажирана (по распоред) во секој од објектите на ЈДГ, а сé во интерес на здравјето на децата.

**в) Културно - информативна и спортско - рекреативна дејност**

Во текот на 2014/2015 година, како и досега ќе се реализира богата културно - информативна и спортско - рекреативна дејност преку различни активности во и вон градинката. За реализација на истата ќе биде реализирана соработка со родителите и со надворешната средина воопшто.

Со цел да се развијат кај децата навики за следење на културните збиднувања, за учество во нив, потоа навики за спортско и рекреативно ,искористување на слободното време, ќе бидат спроведувани, покрај редовните и следните активности:

- учество на ликовни изложби со ликовни творби на децата во и вон градинката;
-организирање средби со деца неопфатени во градинката преку "Ликовни работилници", литературни активности и сл;(отворени денови)
- средби со ликовни и драмски уметници, со писатели и др.;
- посета на галерии, музеи, библиотеки и сл.;
- организирање и следење куклени и драмски претстави;
- учество во приредби по повод празници во и надвор од градинката;
- учество во различни други прослави на празници и родендени;
- организирање прошетки во околината на градинката и подалеку;
- изработка на збирки и календари во групата (користење на слободното време);
- користење на спортски реквизити и редовни гимнастички вежби;
- литературни и други активности;
- посети на фабрики и други значајни објекти;
- разговори со децата за културните збиднувања во градот, за слободното време и др.

Установата ќе пристапи кон реализација на дополнителни програмски активности токму од областа на спортот и физичката култура, но на база на самофинансирање од страна на родителите кои имаат желба нивното дете да

биде дел од овие активности. Во претстојниот период установата ќе објави оглас за прибирање понуди за реализирање на активности од типот:

- фискултурни активности(сé уште немаме добиено повратен одговор од одделението за предучилишно воспитување при општина Кисела Вода за тоа дали ќе продолжи и оваа година реализацијата на проектот “Спорт за сите деца”);
- изучување странски јазици(усвоена е понуда од надворешен субјеџт-училиште за странски јазици за изучување на англиски јазик (на доброволна основа) од страна на децата од средните и големите групи;

Активностите ќе бидат реализирани во поладневните часови,по завршувањето на редовните и со програма обврзувачки активности на воспитно - образовниот кадар со децата во градинката.

Реализацијата на овие активности ќе биде во термини и според план распоред однапред подготвен и даден од директорот и педагогот на установата, а согласно нацрт програмата за предучилишни установи.

**г) Еколошко воспитание**

Имајќи го предвид детето како дел од целокупниот еко-систем, целта на еколошкото воспитание и оваа година ќе биде правилното насочување на неговата комуникација со живата и неживата околина која го опкружува. За таа цел ќе биде реализирано следното:

- запознавање на детето со околината преку чести контакти со неа;

-преземање конкретни еколошки акции (чистење и раззеленување на дворот, уредување на занималната, одгледување различни растенија, грижа за животните и птиците - особено во зима, организирање еко - квизови и сл.);

- разработување соодветни содржини (приказни, песни, драмски текстови, разговори и сл.);

- разговори со членови на разни еколошки друштва;

- продолжување со разработката на стручна литература со кадарот кој работи со децата.

Согласно со наведеното, еколошката свест ќе се развива на три нивоа:

- конкретно преземени еколошки мерки;

- воспитно - образовно дејствување врз децата;

- стручно усовршување на кадарот за воспитно-образовно дејствување на тоа поле.

Носители и реализатори на оваа дејност ќе биде воспитувачкиот кадар кој работи со децата,одговорните воспитувачи со група,педагогот и директорот на ЈДГ.

Оваа година се продолжува со имплементација на програма **“Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем”(ОХО)** препорачана од МОН на Р.Македонија и Шведска агенција за развој и соработка , а врз основа на заклучоците од Владата на Република Македонија за вклучување на на еколошката едукација во македонскиот

образовен систем, за што Министерството за образование и наука потпиша Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка за поставување на целокупната програма “Немаме резервна планета “ на институционално ниво.

Крајната цел во реализацијата на овој проект е повторно аплицирање на постигнување на највисок статус на ЕКО ГРАДИНКА- Зелено знаме ( по втор пат) што значи дека “ градинката ги усвоила заштитата на животната средина како една од основните вредности во своето управување, воспитување и работење”.

Целта на проектот е еколошка едукација на повеќе нивоа:

- ниво на Совет на родители
- ниво на воспитно-образовен кадар
- ниво на вработени во установата
- ниво на деца
- ниво на општествено корисна заедница
- ниво на општина
- ниво на НВО
- ниво на медиум

во рамките на кои крајна цел на ова програма е достигнување на статус на ЕКО ГРАДИНКА.

Ќе се спроведат 7 чекори

- Формирање на ЕКО одбор
- Анализа на состојбата на животната средина
- План на активности
- Активности на мониторинг и евалуација на напредокот
- Поврзување со воспитно образовната програма
- Вклучување на целата градинка и пошироката заедница
- Еко кодекс

Во продолжение ќе биде презентирана табеларно Програмата “Интеграција на на еколошка едукација во македонскиот образовен систем – интегрирано планирање, кое за разлика од минатогодишното се надополнува со воведување на воспитниот кадар на активно користење на електронска апликација за ЕКО градинка.

## 1. ТЕМА:ВОДА

| **Ред. Бр.** | **Еколошки содржини** | **Тема** | **Воспитно-образовни аспекти** | **Возрасна група** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на водата за живиот свет | -Водата живот ни дава<br>-Вода | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и | Втора мала, средна и голема група | Септември-Мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | -Рибите пливаат , прициите летаат, цицачите цицаат<br>-Ги сакаме животните | моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | | |
| 2. | Извори на вода и нивна искористеност | | | | |
| 3. | Загадување на водата | -Водата живот ни дава<br>-Вода<br>-Рибите пливаат , прициите летаат, цицачите цицаат | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Втора мала, средна и голема група | Септември-Мај |
| 4. | Рационално користење на водата | -Водата живот ни дава<br>-Вода | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Втора мала, средна и голема група | Септември-Мај |
| 5. | Обезбедување на техничка вода | | | | |
| 6. | Здрава вода за пиење | -Како се разболуваме како се лекуваме<br>-Јас и мојот свет<br>-Здрава храна | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален | Втора мала, средна и голема група | Септември-Мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | | |
| 7. | Собирање и употреба на дождовницата | | | | |
| 8. | Анализа на состојбата на водоводната инсталација | -Водата живот ни дава<br>-Вода<br>-Професии<br>-Весела математика<br>-Валкано или чисто не е исто | -Пристап кон учесење<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | средна и голема група | Септември |
| 9. | Изработка на упатства за рационално користење на водата | -Градинката мој втор дом<br>-Децата за иднината на планетата земја<br>-Рибите пливаат, птиците летаат, цицачите цицаат<br>-Валкано или чисто не е исто | -Пристап кон учесење<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Голема група | октомври |
| 10. | Подигање на свеста на пошитоката заедница (домот, локалната заедница и сл.) | -Планетата се буди<br>-Убавините на есента<br>-Планетата земја | -Пристап кон учесење<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен | Средна и голема група | Септември - мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | развој и стекнување на општи знаења | | |
| 11. | Дистибуција на водата | | | | |
| 12. | Водата и климатските промени | | | | |
| 13. | Формирање на еко-патрола | -Градинката мој втор дом<br>-Децата за иднината на планетата земја<br>-Валкано или чисто не е исто | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Средна и голема група | Септември - октомври |
| Вкупно | 8 | 15 | 5 | 8 средни<br>9 големи<br>8 втори мали | 9 месеци |

*** додајте еколошки содржини и редови по потреба**

## 2.ТЕМА:ЕНЕРГИЈА

| Ред. Бр. | Еколошки содржини | Тема | Воспитно-образовни аспекти | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на енергијата за живиот свет | -Светлина<br>-Млади научници<br>-Што можам, што треба да правам<br>-Извори на топлина | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо-емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Голема група | Март-мај |
| 2. | Извори на енергија и нивна искористеност | -Извори на топлина<br>-Светлина<br>-Моите чудни прашања<br>-Млади | -Пристап кон учесње<br>-Здравје и моторички развој<br>-Социо- | Голема група | Ноември-март |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | научници | емоционален развој<br>-Јазик, комуникација и развој на писменост<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | | |

***ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГ НА ЈДГ"8 МАРТ" НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ***

**ВОВЕД**

Јакнењето на општествената свест за важноста на предучилишното образование и воспитание останува како примарна задача на нашето општество.Природна надоврзаност на оваа задача е придавањето на особено значење на раниот детски развој и можностите за негова стимулација.Оваа заложба во изминатите две учебни години во ЈДГ "8 Март"на општина Кисела Вода во град Скопје особено се стимулира, а главна цел во таа насока во новата учебна 2014/2015 година е темелна имплементација на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0-6 години и Програмата за рано учење и развој која стапува на сила од 01.09.2014 год.

Развојната визија на ЈДГ "8 Март" е современа,транспарентна и прогресивна градинка од која ќе биде задоволно детето,родителот,локалната заедница и воспитниот кадар.Целите,задачите и стратегиите ќе ги прилагодиме на Националната стратегија на целокупниот образовен систем и на предучилишното образование и воспитание како негов важен и нераскинлив дел.

Во оваа учебна 2014/2015 година,работата на педагогот како член на стручниот тим на градинката и како водач на промените и организација на процесите на воспитанието и образованието во градинката ќе биде насочена кон усогласување на промените (а промените се случуваат секојдневно) се со цел за максимално поттикнување на раниот детски развој , воспитанието и образованието.Целиот овој процес ќе го темелам на тимската работа и интердисциплинарен пристап,што е предуслов за правилно делување во воспитно образовната работа во детската установа.

Од тука програмските задачи на педагогот ,кој всушност е во служба на децата,давањето на поддршка,решавањето на конфликти,организацијата на целосната воспитно образовна работа во градинката,следењето на воспитувачите и негувателите и нивната евалуација,запишувањата,соработката

со стручни лица и институции,личното стручно усовршување и усовршувањето на соработниците,воведувањето на иновации во работата на градинката ,се предодредени со хуманистичко развојната концепција на предучилишното образование и воспитание,холистичкиот пристап,како и на програмски и законски основи кои се темелат на современите стручно научни сознанија од областа на предучилишната педагогија.Всушност целокупната работа на педагогот се темели на една од најважните законски регулативи - Програмата за рано учење и развој.Овој подолго очекуван документ веќе во оваа учебна година ќе ја добие својата вистинска цел и мисија : "Уредување на теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој ,цели , примери на активност,очекувани резултати и соработка со родители.",која секако ќе биде темел на воспитно образовното делување во градинката.

Во новата учебна 2014/2015 година ЈДГ “8 Март” , ќе функционира во 5 свои објекти и групата во други просторни услови –“Зеленика”,а во тек е здобивањето со уште еден нов објект .Во рамките на сите нив планирано е да функционираат 44 групи од кои : 11 јаслени групи и 33 групи во делот градинка. На оваа бројка деца ,би се додала проектираната бројка од 100 деца распоредени во 4 групи во новиот објект,што вкупно би биле 6 објекти и 1 група во други просторни услови со вкупно 1200 деца распоредени во 48 воспитно образовни групи.Групите се поделени според возраста на децата,и најчесто се во распон од една календарска година,со исклучок на групата во други просторни услови-“Зеленика”,која е всушност мешана група со деца од 2-5 годишна возраст.Исто така, со оглед на пристигнатите апликации за новиот објект можно е освен јаслената група да функционираат и групи со мешана возраст деца.Бројноста на групите најчесто е над предвидените нормативи ,што за жал се одразува на квалитетот на воспитно образовната работа.Токму во оваа насока ќе продолжи политиката на запишување на деца со апликациони листи , на кои листи ќе се запазува бројот на местото за упис.Потточно според овие листи како и досега Комисијата за упис на деца ќе одлучува за нивното примање Во новата учебна година предвидено е да се започне со бројка од 1100 деца(несметајќи го новиот објект) ,што е повеќе за 69 деца за разлика од минатата година со исти просторни капацитети..Во текот на целата учебна година бројката на деца ќе се зголемува ,што ќе допринесе за многу високо пречекорувње на нормативите за број на деца во групите.

Минатата години акцентот се стави на реализација на поголеми Програми и проекти кои продолжуваат и во новата учебна година. .Во новата учебна 2014/2015 година, најголем акцентот ќе биде ставен на имплементирање на новата програма( Програма за рано учење и развој),Стандардите за ран детски развој и веќе премин на фаза на подобрување на квалитетот на водење на новата педагошка документација. Претходно наведените цели секако континуирано ќе го условат продолжувањето на моето работење на подобрување на квалитетот на тековната воспитно образовна работа .Особено ќе се води грижа за начинот на реализација на активностите во групата,за индивидуалната работа со децата (со цел постигнување на детските стандарди), за соработката со семејството-со еден збор за усовршување ,иновирање и

подобрување на целокупната реализација на планираната воспитно образовна работа.

**Програмско-Проектната работа** ќе се реализира преку:

- Продолжување на реализација на Програма: “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”, во организација на МОН и во соработка на МТСП , за која се планира повторно аплицирање за зелено знаме како највисок статус на реализација на оваа програма
- Продолжување на реализација на проектот “Градот низ детските очи” иницииран од нашата установа,а поддржан од Секторот за детска заштита во Министерството за труд и социјална политика
- Продолжување на реализација на Програмата за едукација на деца од предучилишна возрст во установите за згрижување и воспитување на деца,со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна -"Градините во детските градинки"(МТСП)
- Реализација на Проектот "Бонтон за деца"(Влада на РМ-МТСП)
- Реализација на Проектот "Подари книга" (МТСП)
- Реализација на хуманитарно едукативниот проект " Од дете за дете" (МТСП)

Планирањето на воспитно образовнита работа сега веќе оформена како :годишно планирање, месечно- тематско планирање кое ќе се спроведува преку адекватен избор на стандарди (Стандардите за рано учење и развој ) и целите,примерите и очекуваните резултати од Програмата за рано учење и развој.Оваа примарна задачи секако ќе бидат работа на стручниот тим, кој заедно со педагогот ќе ги оформуваат ,планираат и реализираат сите горе наведени фази од воспитно образовниот процес во градинката.

Педагогот како еден од стручните работници во ЈДГ “8 Март” ,како и во изминатите години ќе работи и делува во широк стучен делокруг.Целите на работењето ќе бидат:

***Глобални задачи*** за оваа учебна 2014/2015 година ,со чија реализација би се постигнале посакуваните промени и имплементирале новитетите се следни:

- Поттикнување на развитокот на соработката со родителите со цел на нивно вклучување како партнери во грижата за психофизичкиот развиток и воспитанието на децата
- Спроведување и вреднување на воспитно образовната работа со цел обезбедување на квалитет и самовреднување
- Осмислување и структуирање на сите можни,но безбедни простори за детската игра,во функција на поттикнување на детската активност,самостојност во играта,меѓусебна комуникација и креативност
- Поттикнување на воспитно-згрижувачкиот кадар во сите сегменти на реализација на планираните програми и проекти

***Во однос на децата*** –придонесување на целокупниот развиток и квалитетот на нивното живеење низ:

- вклучување во воспитно образовната работа во периодот на адаптација на децата;
- проценка на психофизичкиот статус/развој на детето;

- учество во откривањето на деца со посебни потреби;
- следење и проценување на актуелните потреби на децата;
- збогатување на квалитетот на живеење во градинката со цел развивање на холистичкиот пристап на развој на секое дете;
- непосредна-индивидуална работа со децата;
- следење на писмена педагошка документација (Досие на дете)

***Во однос на воспитувачите***-поттикнување на стручно компетентна работа, насочена на унапредување на педагошко-психолошката и дидактичко методичката практика во интеракција со децата,родителите,стручниот тим,директорот и останатите стручни соработници низ:
- соработка во конкретизација на развојните задачи и нивното остварување;
- иницирање на иновации и работа на унапредување на воспитно образовниот процес;
-помош на воспитувачите во проценување на потребите на децата и сугерирање на активности за поттикнување на детскиот развој;
-осмислување на организациски и материјални услови за работа;
-помош и потпора на воспитувачите во согледување на нивото на личната практика;
- поттикнување на стручното усовршување како и поттикнување на личниот развој на секој воспитувач низ различни форми на консултација,советувања и сл.
- поддршка и поттик на воспитувачите во интеракцијата со родителите

***Во односот кон родителите***-јакнење на родителската функција,поддршка на родителот во соодговорноста за развитокот на детето и развивање на доверба кон воспитниот кадар и градинката низ:
- Формирање на Советувалиште за деца и родителиво ЈДГ ( изготвување на Програма за работа на Советувалиштето);
- помош и поддршка на избор на програма за децата;
- помош и поддршка во совладувањето на периодот на адаптација;
- вклучување на родителите во воспитно образовниот процесс во интеракција со воспитувачите,негувателите и стручните соработници;
- информирање ,советување и комуникација со родителите по пат на: индивидуални и групни разговори,родителски состаноци и сл.

***Во однос на пошироката општествена заедница***-влијаење на прифаќање и усвојување на ставови за децата и вложување на општеството во организациските,кадровските и материјалните услови за работа низ:
- соработка со културни и јавни институции со цел- збогатување на програмата;
- соработка во осмислување на различни проекти во опкружувањето и пошироко;
- евалуација и популаризација на остварените резултати;

***Во однос на членовите на основната дејност***-усклaдено делување,меѓусебна поддршка и модел на успешна комункација за возрасните и децата во

градинката и сл.,како и успешно дисциплинарно унапредување и интегрален пристап на промените во практиката низ:
- усклaдено делување во планирањето и спроведувањето на програмските задачи на градинката;
- обезбедување на услови за реализација на планот и програмот на градинката;
- активно вклучување во едукации кои се организирани од институции и стручни лица;
- презентација на достигнувањата од практиката

Во контекст на сите овие подрачја на делокругот на работата и делувањето на педагогот во оваа учебна 2014/2015 година ќе биде:

**Учество во планирањето на воспитно образовната работа**

-Изработка на Програма за работата на педагогот во чии прилог ќе бидат изработени :План за соработка со семејството,План за соработка со други градинки и училишта,План за стручно усовршување на кадарот,План за работа на музичарот и План за работата на негователките,План за вонинституционални форми на работа, План за летни рекреативни активности,План за посета на воспитно образовни групи.
-Учество во изработка на Годишната програма на работата на градинката;
-Учество во изработка на Годишен извештај на работата на градинката;
-Учество во Годишно ,месечното-тематското и тековното планирање на воспитно образовната работа на воспитувачите;
-Структуирање на воспитно образовните групи;
-Учество во изборот на средства,литература и дидактички материјал.

**Следење на реализација на планот и програмата на воспитно образовната работа со децата**

-Педагошко,советодавно, инструктивна работа и соработка со воспитувачите и негувателките, со цел унапредување на педагошката работа и нивно правилно насочување на личниот и професионалниот развој;
-Редовна и тековна контрола на педагошка документација на воспитувачите и негователките и евидентирање на истата.
-Редовно следење на реализацијата на воспитно образовните активности,на ниво на група и на објект.

Следењето на реализацијата на воспитно образовната работа во групите,а воедно и педагошко инструктивната работа ќе биде евидентирана во листите за следење на воспитниот кадар.

**Стручна едукација-иновирање на воспитно образовниот процес, преку лична едукација и едукација на кадарот**

-Набавка на  педагошка стручна литература;
-Обработка на стручна литература;
-Обработка и толкување на современи педагошки прашања,дилеми и актуелни теми кои произлегуваат од тековната воспитно образовна работа во ова учебна година;
-Стручна соработка со директорот;
-Стручна соработка со Секторот за образование ,спорт и култура-одделение за предучилишно образование и воспитание на општина Кисела Вода;
-Стручна соработка со Секторот за детска заштита во МТСП
-Соработка со стручни институции;
-Реализација на микро истражувања;
-Учество на семинари,обуки,трибини,симпозијуми, советувања,предавања и сл.

Во поглед на стручното усовршување на кадарот во текот на наредната учебна 2014/2015 година од страна на директорот, педагогот, воспитувачите, логопедот и стручни лица вон градинката ќе се реализираат следните теми:

- Континуирано воведување на воспитувачите за активно користење на електронска апликација за ЕКО-градинка ,како продолжение на реализација на програмата-проект “Интеграција на еколошката едукација  во македонскиот образовен систем” -координатор на Програмата воспитувач Мирјана Китановска
- Теоретско предавање на тема " Градинка каква посакувам , градинката која ја знам " - педагогот на установата
- Практично теоретско предавање " Користење на Работни книги за родителите според различни стандарди од детскиот развој"-со цел за реализација на работилници -педагогот на установата
- Воведни предавања во Монтесори педагогијата-координатор на Монтесори програма - воспитувач Ирена Биџовска
- Теоретско предавање на тема:”Поврзаноста на слухот и говорот” ”-логопедот на детската градинка
- Теоретско,практично и истражувачки активности под наслов "Рефлективната педагогија и раното учење и развој"- Проф Д-р Лена Дамовска
- Реализација на обука на негователскиот кадар за имплементација на стандардите во реализација на воспитно образовната работа на негователскиот кадар

*Теоретските предавања  кои ќе ги реализираат логопедот  воспитувачите на установата ќе се реализираат  во соработка со педагогот на установата.

*За ангажирање и реализирње на теоретски предавања со надворешни предавачи да се планира соодно наменски буџет за исплата на хонорари.

**Следење на детскиот развој и непосредна индивидуална и групна работа со деца**

-Постојано и континуирано следење и проучување на развојот на децата;
-Следење на евиденција на податоците во Досието на дете;

-Следење на интерперсоналните односи меѓу децата и на децата и воспитно образовниот кадар и предлагање на мерки за отклонување на нарушување на истите;
-Распоредување на новозапишаните деца во воспитно образовните групи;
-Следење на адаптација на ново запишаните деца;
-Индивидуално следење на децата ,во насока на давање на помош на воспитно образовниот кадар во групата;
-Испитување на детските афинитети и интереси;
-Во соработка со дефектологот(волонтер), давање стручна помош на воспитно образовниот кадар , за децата со посебни потреби;
-Давање на стручни насоки во водењето на детските досијеа;
-Следење на различните форми на соработка со семејствата на децата.

При индивидуалното и групно следење на детскиот развој секако ќе бидат користени бројни воспитно образовни методи:ангажирање на осетите(набљудување),демонстрација,објаснување,усмено изложување,раскажување и прераскажување,опишување и дескрипција,образложување ,разговор,цртање,пишување,работни активности,пеење,детски прашања,вежбање,игри и др.

Сите индивидуални следења на децата ќе бидат евидентирани со индивидуални листи за следење на дете.

**Соработка и советодавна работа со родителите на децата ,со цел на поддршка на одговорно родителство и јакнење на партнерските односи на градинката и семејствата на децата**

- Соработката со семејствата на децата ќе биде реализирана преку:
- Работа на Родителско-детското советувалиште;
- Индивидуални разговори со родителите;
- Разговори во мали групи;
- Педагошко инструктивна работа во вклучувањето на родителите во воспитно образовните активности;
- Организирање на работилници со родители;
- Организирање на заеднички посети и излети со родители;
- Групни родителски состаноци;
- Учество во работењето на Совет на родители;
- Обработка на педагошко-психолошки теми со цел едукација на родителите;
- Изработка на флаери со цел информирање и едукација на семејствата на децата.
-

Поголем дел од индивидуалните разговори со родителите ќе бидат евидентирани во Писмени белешки

## Педагошко-инструктивно учество во работата на стручните органи

Реализацијата на педагошко инструктивната работа исто така ќе се одвива преку водење и учество на стручни органи.Потточно педагогот ќе води состаноци на стручните тела: Актив на воспитувачи,секој месец,Актив на негователи,со однапред одреден план-дневен ред по кој ќе се реализира работењето на овие органи.

Исто така својата педагошко инструктивна задача педагогот ќе ја реализира во улога на учесник во работењето на Стручнот Совет на установата.

Континуирано ќе се вршат индивидуални и групни консултации со директорот, воспитувачите и негувателките во сите воспитно образовни групи, како и консултации со одговорните воспитувачи ,логопедот,дефектологот (волонтер),музичарот,координаторот за Програмата "Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем",координаторот (волонтер) за Програмата "Градините во детските градинки.

## Соработка со стручни институции и советодавни тела

Во насока на подобрување на квалитетот на педагошката работа секако од големо значење е соработката со стручни институции и советодавни тела меѓу кои се: Сектор за образование ,предучилишно воспитание, култура и спорт при општина Кисела Вода,Сектор за здраствена и социјална заштита при Совет на општина Кисела Вода,,Министерство за труд и социјална политика,Министерство за образование,Биро за развој на образованието,Институт за Педагогија при Филозофски Факултет-Скопје,Педагошки Факултет “Климент Охридски”,Сојуз за грижи и воспитание на децата на Македонија,Културен детски центар “Карпош“,Издавачки куќи и редакции , “Просветно Дело” "Едука Мак","Детска радост"и др.

## Индивидуална,континуирана стручна едукација

Бидејќи стручната лична едукација, е важна претпоставка за успешно педагошко делување ,како и изминатите години и оваа ќе проследам поголем број стручни трудови,изданија, во вид на пишуван материјал, но и изданија , искуства ,теми, резултати од педагошки истражувања- достапни за широката јавност преку Интернет мрежата.Останати форми кои ќе бидат застапени како начин на лична едукација се: обработка на стручна литература, набавка на нова стручна литература со чија обработка ќе ја доближам до воспитниот кадар,обработка и толкување на современи педагошки прашања и дилеми,учество и посета на стручни семинари, симпозиуми,советувања и др.Потточно својата едукација ќе ја проширам преку:

-Подетална анализа на новата Програма за рано учење и развој со цел на нејзина подобра имплементација;

-Стручна подготовка за изготвување на Програма за Советувалиште за деца и родители;

-Следење на литература (европска) на тема: "Стандарди за ран детски развој", со цел проширување на постоечките;
-Осмислување на нов начин на евиденција на попладневни активности на негователскиот кадар во делот градинка,поврзано со Стандардите за ран детски развој

**Подготовка и водење на документација за работа на педагогот**

Во педагошка документација која ја води стручниот соработник -педагог влегува следната документација:

- Годишна Програма за работа на стручниот соработник –педагог;
- План за стручно усовршување на кадарот:
- План за соработка со семејството;
- План за соработка со други градинки и училишта ;
- План за работа на музичарот(во соработка со музичарот);
- План за работењето на негователките (после проследена обука);
- План за летно рекреативни активности;
- Месечни планови за воспитно образовната работа во градинката;
- Водење на дневна реализација на работата на педагогот;
- Месечен извештај за работата на педагогот
- Водење на евидентни листи за следење на воспитно образовната работа на воспитувачите;
- Водење на индивидуални белешки за следење на деца;
- Водење на писмени белешки за соработка со родителите;
- Водење на евидентни листи за месечна реализација на воспитно образовната работа за секој објект поединечно;
- Евидентирање на листи на активност на воспитувачите на крајот на учебната година;
- Водење на апликациони листи за запишување на деца во градинката;
- Водење на состаноци на Комисијата за упис и записници од истите;
- Учество во планирањето на избор на воспитно образовни теми во сите објекти;
- Учество во изработка на Годишна програма за работењето на установата;
- Учество во изработка на Годишен извештај за работењето на установата;
- Водење на Попис на акти-Договорни услуги;
- Водење на Книга на градинката (во писмена и електронска форма);
- Водење на Главна книга на градинката (во електронска форма);

**Организирање и учество во реализација на разни проектни активности и подготовки на сценарија за разни одбележувања**

- Во делот на оваа Програма наречен **"**Програмско-Проектната работа" за сите наведени Програми и Проекти во оваа учебна година организацијата на проектните активности пред сé ќе се концентрира на изготвување на

детални акциони планови,следење на сите сегменти на реализацијата,едукација на кадарот,евиденција и евалуација.Освен со воспитниот кадар  и директорот реализацијата на сите проект ќе биде поврзана и со родителите,локалната самоуправа,ресорното министерство,научните институции,НВО и др.Подетално тоа би значело следно:

- Во реализација на Програма: "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем", во организација на МОН и во соработка на МТСП , изготвување на подетален план на активности на сите групи вклучени во реализацијата(втори мали,средни и големи);
- Во  реализација на проектот "Градот низ детските очи" иницирaн од нашата установа,а поддржан од Секторот за детска заштита во Министерството за труд и социјална политика и БРО,следење на активностите од веќе испланираната месечна тема и вклучување во организација на посети на поважни институции и обележја на градот,собирање на ликовни творби и избор на најдобри;
- Во реализација на Програмата за едукација на деца од предучилишна возрст во установите за згрижување и воспитување на деца,со процесот на  одгледување и консумирање на здрава храна -"Градините во детските градинки"(МТСП),координирање и дополнување на Месечните планирања со активности поврзани со оваа програма,проверка на Месечните извештаи од секој објект,иницирање на поголем број воспитно образовни активности и работилници со родители ;
- Во реализација на Проектот "Бонтон за деца"(Влада на РМ-МТСП),изготвување на заеднички Акционен план на проектот (врз основа на Акционите планови од секој објект), координирање и дополнување на Месечните планирања со активности поврзани со оваа проект,проверка на Месечните извештаи на реализација;
- Во  реализација на Проектот "Подари книга" (МТСП),во соработка со директорката осмислување насоки за родителите за успешна реализација на проектот,осмислување на активности во Детската недела и сл.;
- Во  реализација на хуманитарно едукативниот проект " Од дете за дете" (МТСП),во соработка со координаторот и заменик координаторот иницирање,осмислување и организирање на работилници со родители и хуманитарни акции ;

Исто така во оваа учебна година, со однапред подготвен план,  ќе се реализираат  воспитно образовни активности , со вклучување на родителите,по повод одбележување на поважни празници и случувања .

Во контекст на подобро реализирање на одбележувањата на различни празници и Светски денови ,континуирано ќе бидат изработени повеќе сценарија,текстови кои ќе бидат предложени до Активите на воспитувачи како можен начин за одбележување на празниците.

Овие сценарија ќе бидат изработени за слениве одбележувања:

- По повод 8.Септември,12.Септември-Ден на забите,22.Септември-Ден без автомобили,28.Септември-Ден на срцето4.Октомври-Ден на животните,Недела на детето,11.Октомври,16.Октомври-Ден на здрава

храна,од15.Октоври до 15.Ноември-Денови на книгата,20.Октомври-Ден на јаболкото,23.Октомври-Ден на револуционерната борба на Македонија,28.Октомври –Ден на цртани филмови13.Ноември-Ден на нашиот град,Есенска свеченост,8.Декември-Св.Климент Охридски,31.Декември-Нова Година,Божиќ и Бадник,11.02.-Ден на болните,8.Март-патронатот на градинката,21.03.-Првиот ден на пролетта и екологијата,Ден на шумите,22.03-Ден на заштита на водите ,Денот на дрвото,27.Март-Ден на театарот 1.Април Ден на шегата,Велигден,7.Април –Ден на здравјето,22.Април Ден на Планетата Земја,29.Април-Ден на танцувањето,3.Мај-Ден на сонцето,6.Мај-Ѓурѓовден- Ден на општината,14.мај –Ден на ластовиците(птици преселници)15.Мај-Ден на семејството;28.Мај-Ден на пеперутките

- По повод куклени претстави кои се поврзани со реализација на Месечното- тематското планирање.

**ГЛОБАЛЕН РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ**

**АВГУСТ:**

- Подготовка за изработка на годишна Програма за работата на стручен соработник –педагог;
- Подготовка за изработка на планови кои влегуваат во Годишната програма на работата на педагогот: План за соработка со семејството;План за соработка со други градинки и училишта;План за стручно усовршување на кадарот;План за работа на музичарот(во соработка со музичарот);План за вонинституционални форми на згрижување;План за работа на негователките;План за летно рекреативни активности;План за посета на групите.
- Изработка на програма за имплементирање на програмата”Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”
- Структуирање на групите и изработка на списоци на истите;
- Запишување на нови деца(Комисија за упис);
- Изработка на Месечен план за месец Септември;
- Изработка на програма за имплементирање на програмата”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”, во склоп на годишното,месечното и дневното планирање на воспитно образовната работа за сите воспитно образовни групи;
- Изработка на подетални -акциони планови за дел од предвидените Програми и проекти;

**СЕПТЕМВРИ**

- Во соработка со Директорот на установата изработка на Годишен извештај
- за учебната 20013/2014 година
- Проверка и надополнување на постоечките воспитно образовните групи ;

- Изготвување на доплнителни насоки за водење на педагошката документација на воспитувачите (според новите технички измени)
- Во соработка со Директорот на установата ,изработка на Годишна програма за учебната 2014/2015 година;
- Доработка на Годишна програма за работата на стручен соработник-педагог и на следните планови:План за соработка со семејството,План за соработка со други градинки и училишта,План за стручно усовршување на кадарот,План за работа на музичарот,План за вонинституционални форми на згрижување,План за работа на негователите,План за летно рекреативни активности,План за работа на Родителско советувалиште;
- Реализација на состаноци на Активите на воспитувачи ;
- Организирање на одбележување на 8.Септември;
- Организирање на одбележувањето на 12.Септември –Ден на забите;
- Координирање на програмата”Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”
- Следење и организирање на реализација на проектот “Градот низ детските очи”
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Организирање на одбележувањето на 28.Септември-ден на срцето;
- Изработка на Месечен план за месец Октомври;
- Запишување на нови деца(Комисија за упис)

**ОКТОМВРИ:**

- Реализација на состаноци на Активи на воспитувачи за месец Октомври;
- Реализација на состаноци на Активи на негователи;
- Планирање и организирање на активностите за одбележување на Недела на детето;
- Координирање на програмата”Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”
- Следење и организирање на реализација на проектот “Градот низ детските очи”
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање и организирање на активности по повод одбележување на : Недела на детето,4.Октомври-ден на животните,11.Октомври,16.Октомври-Ден на здрава храна;
- Учество во Мсечното планирањето на темите за реализација на воспитно образовната работа;

- Индивидуално следење на деца (писмени белешки);
- Проверка на педагошка документација која ја водат воспитувачите;
- Следење на реализација на активностите на воспитниот кадар(евидентни листи);
- Изработка на Месечен план за месец Ноември.
- Проверка и надополнување на списоците на воспитно образовните групи.
- Запишување на нови деца(Комисија за упис)

**НОЕМВРИ:**

- Реализација на состаноци на Активи на воспитувачи за месец Ноември;
- Планирање и организирање на активности по повод одбележување на 13.Ноември-Денот на нашиот град
- Координирање на програмата"Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"
- Следење и организирање на реализација на проектот "Градот низ детските очи"
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање и организирање на активности по повод одбележување на есента(работилница и свеченост);
- Индивидуално следење на деца(писмена белешка);
- Следење на реализација на воспитно образовните активности на воспитниот кадар (евидентни листи);
- Планирање и организирање на реализација на тема за стручно усовршување;
- Изработка на Месечен план за месец Декември.
- Запишување на нови деца (Комисија за запишување)

**ДЕКЕМВРИ:**

- Реализација на состаноци на Активи на воспитувачи и негователки за месец Декември;
- Планирање и организирање на активностите по повод одбележување на 8.Декември-Свети Климент Охридски;
- Планирање и организирање на активности по повод на одбележување на Нова Година;
- Проверка на педагошка документација која ја водат воспитувачите;
- Индивидуално следење на деца(писмена белешка);
- Координирање на програмата"Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"
- Следење и организирање на реализација на проектот "Градот низ детските очи"

- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Следење на реализација на воспитно образовни активности на воспитниот кадар(евидентни листи);
- Планирање и организирање на реализација на тема за стручно усовршување;
- Изработка на месечен план за месец Јануари;
- Запишување на нови деца(Комисија за упис)

**ЈАНУАРИ:**

- Реализација на состаноци на Актив на воспитувачи за месец Јануари;
- Планирање и организирање на одбележување на празниците Бадник и Божиќ;
- Проверка на педагошка документација;
- Координирање на програмата"Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"
- Следење и организирање на реализација на проектот "Градот низ детските очи"
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање на предлог активности за одбележување на Патрониот празник-8 Март;
- Индивидуално следење на деца (писмени белешки);
- Следење на реализација на воспитно образовни активности на воспитниот кадар(евидентни листи);
- Изработка на Месечен план за месец Февруари;
- Ревизија на списоците на воспитно образовните групи.
- Запишување на нови деца(Комисија за упис)

**ФЕВРУАРИ:**

- Реализација на состаноци на Активите на воспитувачи за месец Февруари;
- Планирање и организирање на одбележување на 11.02-Ден на болните;
- Координирање на програмата"Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"

- Следење и организирање на реализација на проектот “Градот низ детските очи”
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање и организирање на реализација на тема за стручно усовршување;
- Проверка на педагошка документација која ја водат воспитувачите;
- Индивидуално следење на деца (писмени белешки);
- Следење на реализација на воспитно образовни активности на воспитниот кадар(евидентни листи);
- Изработка на Месечен план за месец Март.
- Запишување на нови деца (Комисија за упис

**МАРТ:**

- Реализација на состаноци на Активи на воспитувачи и негователи за месец Март;
- Организирање на активностите поврзани со одбележувањето на патрониот празник- 8 Март;
- Планирање и организирање на одбележување на Првиот ден на пролетта- 21. Март и на еколошки денови;
- Координирање на програмата”Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”
- Следење и организирање на реализација на проектот “Градот низ детските очи”
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање и организирање на одбележување на 27.Март-Денот на театарот;
- Индивидуално следење на децата (писмени белешки);
- Следење на реализација на воспитно образовни активности на воспитниот кадар (евидентни листи);
- Планирање и организирање на реализација на тема за стручно усовршување на кадарот;
- Изработка на Месечен план за месец Април.
- Запишување на нови деца (Комисија за упис)

**АПРИЛ:**

- Реализација на состаноци на Активи на воспитувачи за месец Април;
- Планирање и организирање на одбележување на празникот Велигден;

- Координирање на програмата”Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”
- Следење и организирање на реализација на проектот “Градот низ детските очи”
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"
- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање и организирање на одбележување на 1.Април-Ден на шегата;
- Планирање и организирање на одбележување на 7.Април-Ден на здравјето;
- Планирање и организирање на одбележување на 22.Април-Ден на планетата земја;
- Планирање и организирање на одбележување на 29.Април-Ден на танцувањето;
- Индивидуално следење на децата(писмени белешки);
- Следење на реализација на воспитно образовни активности на воспитниот кадар (евидентни листи);
- Планирање и организирање на реализација на тема за стручно усовршување;
- Планирање на начинот на испраќање на децата од големите групи во училиште;
- Изработка на Месечен план за месец Мај и делумно за Јуни.
- Запишување на нови деца (Комисија за упис)

**МАЈ:**

- Реализација на состаноци на Активи на воспитувачи и негователи за месец Мај;
- Во соработка со секторот за предучилишно образование на општина Кисела Вода ,планирање и организирање на одбележувањето на 6.Мај-Денот на општина Кисела Вода;
- Планирање и организирање на одбележување на 15.Мај –Денот на семејството;
- Планирање и организирање на одбележување на 14.Мај –Ден на ластовиците;
- Планирање и организирање на одбележување на 28.Мај-Ден на пеперутките;
- Координирање на програмата”Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”
- Следење и организирање на реализација на проектот “Градот низ детските очи”
- Следење и организирање на реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Следење и организација на Проектот "Бонтон за деца"

- Следење и организација на Проектот"Подари книга"
- Следење и организација на проектот"Од дете за дете"
- Планирање и организирање на приредбата по повод испраќање на децата од големите групи во училиште;
- Индивидуално следење на децата (писмена белешка);
- Следење на реализацијата на воспитно образовни активности на воспитниот кадар (евидентни листи)
- Запишување на нови деца(Комисија за упис)

**ЈУНИ:**

- Подготовка и учество на завршниот состанок на Активите на воспитувачи и негователи,анализа за остварувањето на Годишната Програма за 2014/2015 г. и донесување заклучоци за истата;
- Завршни зклучоци на програмата"Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"(извештај за програмата) и подготовка за изработка на извештајот на истиот;
- Завршни заклучоци и извештај за реализација на проектот "Градот низ детските очи"
- Завршни заклучоци и извештај за реализација на Програмата "Градината во детските градинки"
- Завршни заклучоци и извештај за реализација на Проектот "Бонтон за деца"
- Завршни заклучоци и извештај за реализација на Проектот"Подари книга"
- Завршни заклучоци и извештај за реализација на проектот"Од дете за дете"
- Подготовка на Извештај за работата на педагогот како дел од Годишниот извештај за работењето на установата;
- Советодавни и инструктивни разговори со воспитно образовниот тим за работењето во летниот период;
- Подготовки и изработка на Годишната програма на работата на педагогот,изработка на сите планови кои влегуваат во истата за учебната 2015/2016 година.
- Запишување на нови деца(Комисија за упис);

Во текот на цела година примање на апликации за упис;
Во текот на учебната година посетите на објектите и вршење на педагошката работа во истите ќе се одвива по следниот распоред:
Понеделник: Објект " Расадник"
Вторник: Објект "Пеперутка 1" и "Ѕуница"
Среда: Објект "Пржино" и новиот објект

Четврток: Објект "Пеперутка 2"
Петок: Објект" Расадник"
Еднаш до два пати во месецот посета на Објектот "Зеленика "
Според потребите во тековното работење, можни се промени на наведениот распоред.

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ НА ЈДГ"8 МАРТ" НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ*

1. Вовед

Патологијата на Вербалната Комуникација како и нејзината рехабилитација се домен на логопедијата која е дел од здравствените науки. Од логопедски аспект се инкорпорирани превентивата, дијагностиката, клиничката слика и рехабилитацијата.
Вербалната Комуникација ги опфаќа сите видови отстапувања, ограничувања, изгубеност или неразвиеност на нејзината способност. Нејзини средства се: говор, јазик, глас, слух, читање и пишување. Логопатијата е заедничко име за патологијата во вербалната комуникација, додека пак лицата со аберации, девијации и патолошки состојби во Вербалната Комуникација се ***логопати***. Носителите на професионалната здравствена струка се ***логопеди***.
Етиолошките фактори кои што доведуваат до состојба на оштетување, потешкотии, ограничување или пореметување на способноста за Вербална Комуникација можат да бидат: најразлични болести, трауми, психички, хередитарни, био-социјални, социо-економскии други познати или непознати етиолошки фактори .
Во учебната 2014/2015 година како логопед во ЈДГ "8 Март" ќе работам во 9 воспитни големи групи од предучилишна возраст во делот градинка и во една хетерогена воспитна група. Во групите ќе се среќавам со деца од предучилишна возраст, каде и минатата година искуството покажа дека најчесто се зафатени следните структури:
-Деца со патолошки состојби во говорот и јазикот
-Деца со успорен развој на Вербалната Комуникација од развојна природа било хередитарно или аквирирано
-Деца со недоволно развиена способност за Вербална Комуникација и субкултурно вербално однесување
-Вклучена е и работата со деца со патолошки состојби во слухот како и деца психички и физички болни односно деца со посебни потреби кои имаат патологија во говорот.

-Според планот, планирани се по 6 часа во текот на денот во различен објект на ниво на градинката "8 Март", согласно со добиениот распоред:
Понеделник-Објект "Расадник"
Вторник – Објект "Пржино"
Среда – Објект "Пеперутка 1"
Четврток – Објект "Пеперутка 2"
Петок – Секој прв и трет петок од месецот во Објект -"Ѕуница"
Секој втор и четврт петок во месецот во Објект - "Зеленика"

2.Планирање на воспитно образовна програма

-Изработка на годишна програма на логопедот;
-Изработка на годишен извештај;
-Изработка на месечен план за работа;
-Иработка на месечен извештај;
-Изработка на глобално и тековно планирање на логопедската работа;
-Учество за избор на потребниот материјал за работа.

3.Стручна едукација-иновирање на воспитно образовниот процес, преку лична едукација и едукација на кадарот

-Обработка и толкување на современи логопедски прашања и актуелни теми кои произлегуваат од тековната работа во оваа учебна година;
-Стручна соработка со директорот;
-Стручна соработка со педагогот;
-Стручна соработка со воспитен кадар
-Микро истражувања на ниво на градинката;
-Теоретско предавање на тема: "Поврзаноста на слухот и говорот";
-Лична стручна едукација – стручни специјалистички студии по клиничка логопедија.

4.Следење на детскиот развој и непосредна индивидуална и групна работа со деца

-Адаптација на децата кон логопедот
-Континуирано индивидуално следење на развојот на говорот и јазикот
-Следење на интерперсоналните односи на децата за време на вежбите кои ќе се изведуваат во група
-Испитување на вниманието на децата и нивните интереси
-При индивидуалното и групното работење со деца ќе се користат воспитно- образовни методи: поттикнување на мислењето, изразувањето, помнење, повторување, раскажување, цртање, боење, перцепција, емоционално развивање, подготовка за извршување на конкретни операции и др.

5.Соработка и соодветна работа со родителите на децата, со цел на поддршка на одговорно родителство и јакнење на партнерските односи на градинката и семејствата на децата

Соработката со семјствата на децата ќе биде реализирана преку:
-Индивидуални разговори
-Едукација на семејствата на децата
-Инструкции и насочување на кој начин да се вежба детето дома

**6.**Логопедско –инструктивтивно учество на работата на стручните органи

Реализација на логопедската работа исто ќе се одвива и преку консултација со другите стручни лица, педагогот и одговорните воспитувачи на групите.
Исто така логопедот својата работа ќе ја реализира како учесник во работењето на Стручниот Совет на установата.

7.Соработка со стручни институции и советодавни тела

Во насока на подобрување на логопедската работа од големо значење е соработката со стручни институции и советодавни тела меѓу кои најважни се: Ј.З.У Завод за Рехабилитација на слух, говор и глас при Клинички центар, соработка со други предучилишни установи на Р. Македонија.

8.Индивидуална, континуирана стручна едукација

Стручната лична едукација е важна за успешно логопедско делување. Поради тоа ќе проследам голем број на стручни трудови, изданија, теми, искуства и истражувања.
Исто така оваа година ќе ги завршам студиите со полагање на специјалистички стручни студии по логопедија на Медицинскиот Факултет во Скопје.

9.Подготовка и водење на документација за работа на логопедот

Во логопедската документација која ја води стручниот работник – логопедот влегува следната документација:

-Годишна Програма за работа на стручниот работник – логопедот
-Водење на дневна реализација за работата на логопедот
-Изработка на месечен план за работа
-Масечен извештај за работата на логопедот
-Изработка на годишна програма
-Изработка на годишен извештај за работата на логопедот
-Водење на посебно-евидентни листи за секое дете

10.ГЛОБАЛЕН РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИ:

За месец Септември 2014 година

-Посета на сите големи групи од предучилишна возраст на ниво на градинката "8 Март"
-Опсервација на групите
-Употреба на игра за полесна адаптација на децата кон логопедот како непознато лице
-Детекција и забележување на децата со патологија во Вербалната Комуникација
-Логопедска дијагностика
-Средба со родителите на децата кои имаат патологија во Вербалната Комуникација, во секој објект поединечно – со цел запознавање на проблематиката и овозможување на соработка која е од особена важност за крајниот исход.

Во месец Октомври 2014 година
-Адаптација на децата
-Започнување со логопедска рехабилитација
-Логопедските вежби траат 20-30 минути во зависност од возраста на детето и бројот на деца во престојниот објект. Можат да бидат индивидуални и групни во зависност од отстапувањата во говорот.

Во периодот од месец Октомври 2014 година до крајот на учебната година односно, заклучно со 30ти Мај 2015 година ќе се насочам кон :
-логопедска превенција која вклучува:
-Контролен преглед
-Логопетска анамнеза
-Анатомски преглед и преглед на функцијата на говорните органи
-Проценка на говорно-јазичен статус со спроведување на тестови
-Проценка на развој на психо-моторни функции
- Увид на други состојби доколку постојат
- Мислење и дефинирање на говорното отстапување

-Логопетски третман кој ќе опфаќа:

-Одредување на програма за тераписки вежби за еластичност на јазикот

-Одредување на тераписки вежби за третман на говорот

-Насочување на вниманието
-Поттикнување на развој на говорот
-Развој на графомоториката
-Следење на когнитивните способности на детето
-Развој на фонеми, морфеми, збор синтагма и реченица.
-Развој на говорот и негова постојана употреба, замена за гест.
-Поврзување на зборот со неговото значење
-Корекција/рехабилитација на оштетените гласови кај дислалиите
-Употреба на сврзници, изговарање и повторување на цела реченица кај аграматизам.
-Рехабилитација на тахи и брадифемија (пореметување на ритамот и темпото)
-Развој на говорот и јазикот кај алалија и развојна дисфазија
-Техники на дишење и вежби кај балбутицио
-рехабилитација кај социогена патологија, најчесто билингвизам.

-Стимулирање и следење на психомoториката и по потреба спроведување на вежби
-Следење на развојот на вилицата и забите
-Давање на упатства на родителите за работа дома

## *Конкретните цели и активности за овој период се:

| Програмско подрачје: Слушање и внимание | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Детето:**<br>-да го насочи вниманието кон одредена задача | Укажување на одредена активност што треба да ја направи | Повторување | -Слушање на одреден збор, реченица кој/а треба да го/ја повтори |
| -да го задржи вниманието во текот на логопедскиот третман | Вклучување на игри | | -употреба на сложувалки со цел насочување на вниманието кон одредена цел, слушање и повторување на звук од домашно милениче (пр. Се пушта звук од маче или пак логопедот покажува како прави мачето, а детето повторува). |
| -да извршува наредба без покажување | Упатување кон одреден предмет | Разбирливост | -Пр. се кажува на детето да донесе одредена играчка , да ја затвори вратата и слично, без да му се покаже со прст кон активноста што треба да ја изврши. |

| Програмско подрачје: Развој на графомоторика | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Детето:**<br>-да црта по наредба со повторување | Правино држење на раката и моливот | Цртање | -Се црта круг, како почетна основна фигура и се насочува детето да нацрта во иста форма. |
| -слободно да црта во просторот по наредба, како и да бои | Разбирање на наредбата | Цртање и<br>боење | -Се кажува на детето да нацрта круг и да го обои (се гледа дали ја разбира наредбата и со цртањето се развива графомоториката). |
| -да биде ограничено во просторот | Развој на прецизни движења | | -Пр. Се цртаат коси линии или кругови во тетратка, помеѓу две линии. |
| -да изведува сложени и прецизни движења | Развој на фината моторика | | -Откопчување на копчиња<br>-редење на мали топчиња во низа<br>-врзување на врвки<br>-поврзување на линии до одредени точки |

| **Програмско подрачје: Развој и рехабилитација на говор** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Детето:**<br>-одговара на тријажниот тест | Тест од зборови | Присуство на оштетени гласови | -Се применува тријажен тест кој е формиран од зборови во кој се опфатени сите гласови, со цел да се направи уште една проверка да се забележи кои гласови точно се оштетени и на кои ќе треба да се изврши рехабилитациски третман. |
| -да се вежба аудитивен развој | -омисија<br>-супституција<br>-дисторзија | Аудитивна и визуелна претстава за гласот | -Во зависност од тоа за какво оштетување на гласовите станува збор така се прилагодуваат и вежбите на детето. Кај помалите деца тоа се изведува преку игра. |
| -кое има омисија на одреден глас вежба совладување и примена на гласот | Испуштање на одреден глас во зборовите | Слушање, емитација и повторување | -Се изведуваат вежби на тој начин што се расчленува зборот на слогови, се потенцира гласот кој детето го испушта, потоа детето се стимулира да повтори. |
| -кое има супституција се вежба за совладување на правилниот глас кој е супституиран со друг кој е веќе формиран | -дискриминација со останатите слични гласови | Слушање, емитација и повторување | -Се прават аудитивни вежби за добра дискриминација на гласот кој е супституиран со цел да се добие претстава за гласот и да се направи разлика од другите гласови кои се слични. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -кое има дисторзија се стимулира на правилен изговор на оштетениот глас | Правилна и добра поставеност на говорните органи | Аудитивен развој и повторување | -Се прават вежби за оштетениот глас кој веќе е добиен меѓутоа не е правилно изговорен со цел да се добие негово правилно изговарање.<br>-Се покажува како треба да бидат поставени говорните органи<br>-Може да се вежба и пред огледало<br>-Се вежба гласот на почетокот, на средината и на крајот на зборот |
| -се вежба артикулационо стимулирање на гласот | Правилен изговор на гласот | | -Се вежба правилно усмерување на воздушната струја кој е еден од најголемите проблеми кај дисторзираните гласови. (свесно усмерување на воздушната струја)<br>-Правилно поствување на говорните органи (особено на јазикот во однос на другите говорни органи)<br>-Правилно озвучување на гласовите |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| -Да се вежба усвојување и употреба на новиот глас | Повторување | Последна фаза на корекциона постапка | -Вежби за стимулирање и примена на корегираните гласови во говорот<br>-При секоја грешка не го опоменуваме детето за да не дојде до психолошки момент на страв од говорење, воочувањето му го соопштуваме на благ начин. |
| - прави вежби за пелтечење она дете кај кое е присутно,<br>-слабеење на притисокот и брзината со која се јавува пелтечењето | Анализа на историјата на развојот и функционирањето на говорот и јазикот низ интервјуирање на членовите на семејството. | Терапија на пелтечење кај деца | -Терапијата зависи од типот на пелтечење и не е иста за секоја единка<br>-Терапија на пелтечење која исто бара подолг временски период<br>-Се одржува контакт со очите и се свртува вниманието кон содржината на пораката а не на начинот на кој е кажана<br>-Се внимава на гестикулацијата и положбата на телото за време на говорењето<br>-Се укажува на детето да зборува побавно ( од мала брзина се почнува, а со текот на вежбите се зголемува до нормална брзина на говорот)<br>-Продолжување на сегментот на зборот<br>-Техники на флуентност<br>-Нормална интонација<br>-Фразирање (прецизна употреба на воздухот во текот на говорењето) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -со посебни потреби да се вежбаат за корекција на говорот како и негов развој, со поинаков пристап | Обид и развој за подобрување на говорот | Работа со аутистични деца или само негови елементи, интелектуална попреченост или друга проблематика која пречи во развојот на говорот | -Вежбите се прилагодуваат во однос на дополнителниот проблем на детето, освен говорот<br>-задржување на вниманието<br>-вежби за разбирање на говорот и повторување<br>(кај потешки дијагнози се почнува од најмала структура-гласови и слогови) |

| Програмско подрачје: Развој и рехабилитација на јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Детето:**<br>-да се испита за неговиот когнитивен развој | Врската помеѓу моториката и јазикот | Возраст на детето | -Се опсервира и испитува дали говорот на детето во периодот на припрема односно во предоперативниот период од животот одговара со моториката и возраста.<br>-се вежба преку игри и се забележува дали детето има способност за симболизација да замисли нешто што не е присутно. |
| -да се вежба разбирањето на говорот | Јазичен дефицит | Развојна дисфазија | -Вежбите се различни во зависност од степенот на јазичен дефицит кој се дижи од 0-3<br>-Вежби за подобрување на морфолошките и граматичките тешкотии<br>-Вежби за укажување да се добие одговор на прашањето и да се разбере истото (се применува кај деца кои имаат и присутно ехолалија)<br>-Вежби за изговор на цел збор, а не само на почетни слогови<br>-Корекција на зборовите кога детето прави инверзии односно метатези.<br>-Вежби за семантичките проблеми (неразбирање на значењето на зборовите) и структурата.<br>-Вежби за фонолошки проблеми – за гласовите кои имаат ниска дискриминираност.<br>-вежби за артикулација кај орална диспраксија и вежбање на еластичноста на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | говорните органи – јазик.<br>-Вежби за подобрување на структурата на реченицата – синтакса. |
| -да вежба правилен говор при присуство на педолалија | Говорење | Бебешки говор | -Укажување на детето дека не треба да зборува како "бебе"<br>-Вежбање за промена на навиките за бебешко говорење<br>-Укажување на родителите дома правилно да им говорат на децата, да не употребуваат скратени зборови, нагалени, со целза нивно полесно изговарање |

## 11.Бенефит

Колкав бенефит ќе има детето од логопедските третмани пред се зависи од повеќе фактори:
-Клиничката слика
-Дијагноза
-Етиологијата
-Говорно јазичните способности
-Соработка детето
-Соработка со родителите

-Логопедските третмани бараат време, трпение и упорност.
-За поголем, подобар и побрз резултат детето би требало да посетува 2 до 3 пати логопед неделно, како и постојана работа со родителите, повторување на вежбите кои ќе ги посочи логопедот заради совладување и автоматизирање на наученото.

## 12. ***Начин (метод) на евидентирање и сумирање на постигнатото од работата во текот на учебната година***

-Споредба на првичната состојба на детето со состојбата на крајот на учебната година со помош на податоците добиени од анамнезата
-Споредба на резултатите од тестовите кои ќе се спроведуваат на почетокот на учебната година, со резултатите добиени од тестовите од крајот на учебната година

## V. СТРУЧНО ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### 1. Соработка со семејството

Отвореноста на градинката кон семејството, како многу важна компонента ќе функционира според следните планови:

- општ план за соработка на градинката со семејствата и
  - При планирањето и реализирањето на оваа дејност ќе бидат почитувани следните принципи:
- почитување на семејството како примарен и основен фактор во развојот на децата;
- почитување на психолошко - педагошките аспекти на одвојување на детето од семејството;
- почитување на потребата од педагошка едукација на родителите;
- почитување на потребата од усогласување на постапките кај сите воспитно - образовни фактори;
- почитување на современите воспитно - образовни тенденции на градинката;
- почитување на индивидуалноста на секое дете;
- почитување на Конвенцијата за правата на детето и сл.
  - Како форми на комуникација со семејствата ќе се јават следните:
- формални и неформални консултативни средби и разговори;
- општи и групни родителски состаноци;
- вклучување на родителите во воспитно - образовниот процес преку следење на истиот и активно учество во него со раскажување на случки, приказни, стихотворби, презентација на професии, изработки на играчки, учество во подготовки на приредби и други свечености, гостување на работното место на родителот; учество во акции од било кој вид, учество во едукацијата на други родители согласно стручната подготовка на родителот и сл.
- групни средби на родители заради решавање на заеднички проблеми и прашања од заеднички интерес;
- работилници за родители и деца;
- педагошка едукација на родители преку предавања од стручни лица;
- заеднички излети и посети;
- попладневни дружења и коктел - забави;
- активности од хуманитарен карактер;
- домашни посети на деца;
- писмено комуницирање меѓу воспитно - образовниот кадар и родителите;
- совет на родители;
- активно вклучување на родителите во рамките на ЕКО одборот на градинката во контекст на реализација на проектот “Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем”(ОХО), како и во рамки на реализација на останатите проекти во текот на целата учебна година;
- редовно информирање на родителот преку стручни написи на влезното пано, изложби на книги за воспитанието на децата, изложби на фотографии од детскиот живот во градинката, изложби на детски ликовни творби, истакнување на темите за работа со децата;

- ВЕБ странаната на градинката како средство за комуникција со родителите; и сл.

Оваа година Советот на родители ќе продолжи со својата работа и ќе дејствува во поглед на унапредување на воспитно - образовниот процес, унапредување на соработката со семејството, популаризирање на дејноста на градинката преку јавни настапи, помош во изработка на пропаганден материјал и сл. Во неговиот состав ќе дејствуваат 7 родители ( со отварање на новиот објект ќе се зголеми бројката на 9 родители ), а по потреба и останатиот кадар кој реализира воспитно - образовна дејност. Советот ќе се состанува по потреба, согласно Статутот и Деловникот за работа. Совети на родители ќе се формираат и во секоја воспитно - образовна група посебно и ќе бројат по 3 члена.

Двајца членови од Совет на родители ќе бидат вклучени во работата и реализацијата на проектот “Интеграција на еколошка едукација во македонскиот воспитно образовен систем”(ОХО).

Сите планови изготвени за оваа дејност ќе бидат посебно следени и евидентирани во текот на целата година.

**2. Соработка со училиштата и други градинки на територија на град Скопје и пошироко**

Советот на воспитувачи во текот на 2014/2015 година ќе реализира програма за соработка со училиштата и други градинки на територија на град Скопје и пошироко. Таа претставува одраз на досегашната соработка со нив и опфаќа конкретни содржини, распоредени по месеци. Содржините се однесуваат на следните аспекти:

- меѓусебно информирање за воспитно - образовните програми, формите и методите за работа;
- информирање за карактеристиките на одделни деца кои ќе го посетуваат конкретното училиште;
- размена на впечатоци на кадарот од двете институции во однос на децата кои претходно ја посетувале нашата установа;
- запознавање на децата од градинката со училишен час и училиштето како институција;
- средба меѓу децата од училиштето и децата од градинката;
- размена на стручна литература меѓу институции;
- размена на искуства и стручно научни сознанија меѓу просветниот кадар од двете институции;
- присуство на децата од големите групи на приемот на првачињата во детската организација.
- консултација и соработка со педагози од други градинки при упис и при префрлање на деца од една во друга градинка;

За прв пат оваа година од страна на директорот на установата преку активот на воспитувачи и негователи ќе биде иницирана стручно-едукативна трибина на тема која е од актуелно значење за работата на двата профили.Реализацијата на стручно-едукативна трибина е планирана по еднаш во првото и второто полугодие.

***4. Реализација на музичките активности***

Музичко воспитание ќе се реализира врз основа на Програмата за воспитно-образовна работа со предучилишни деца и годишниот интерен план од страна на негователката - музичар, а во соработка со педагогот и воспитно - образовниот кадар. Музичките активности ќе се реализираат по следниот распоред:

- еднаш неделно во објектот “Расадник” , два дена во објектите “ Пеперутка 1 и 2” , еден ден во објектот “Ѕуница” и еднаш неделно во објектот “Пржино” .

Со отварањето на новиот објект ќе се направи нов план-распоред за посета и работа по објекти од страна на негователот-музичар.

Во текот на престојната година музичарот ќе работи првенствено на зголемување на квалитетот на музичките активности и ќе ги реализира следните задачи:

- стручно усовршување на кадарот на музичко поле;
- работа со талентирани деца;
- работа со деца со помалку развиен слух;
- збогатување на кабинетот со нови музички помагала и инструменти;
- снимање и преснимување на радио и ТВ емисии каде е присутна музиката;
- аудиција за детски музички фестивали;
- збогатување на библиотеката со музичка литература;
- реализирање на активностите по музичко воспитување;
- учество во реализирање на други активности преку давање музички ефекти;
- изнаоѓање и снимање музички ефекти за куклени претставии, драматизации и сл.;
- изнаоѓање музика заради реализирање на приредби и прослави;
- компонирање музика по потреба;
- соработка со соодветни стручни институции;
- учество во подготовка и реализација на приредби;
- учество во подготовка на сценарија за приредби;
- соработка со родители и упатување на истите до соодветни институции доколку има потреба за тоа;

Негователката - музичар, покрај музичките активности со децата од градинка, ќе реализира и музички активности со децата од јаслите. Редовно ќе се вклучува во реализацијата на приредбите, прославите на родендени и празници, куклени претстави како и во сите други активности каде музиката е еден од нивните елементи.

За својата работа ќе подготвува план на активноста во кој ќе ги конкретизира содржините за секој месец посебно. Во текот на годината ќе се грижи за збогатување на фондот на музичките средства преку снимање на аудио и видео касети, како и за збогатување на библиотечниот фонд со литература од подрачјето на музичкото воспитание.

За реализација на својата работа ќе соработува со воспитно - образовниот кадар , директорот и педагогот како и со други институции и воспитно - образовни асоцијации вон рамките на градинката.

### *5. Здравствена заштита*

Покрај здравствената заштита на децата низ воспитно - образовното дејствување, во ЈДГ ќе се реализира и превентивно - здравствена заштита која го вклучува целокупниот кадар. Следењето на условите и постапките за здравствената заштита на децата ќе биде во доменот на обврските на директорот кои индиректно ќе бидат реализирани преку назначената со посебно задолжение за таа функција медицинска сестра – Олгица Стојановска заради немање медицинско лице.

Заради превенција од пренесување на инфекции и болести, уште при приемот на детето ќе се бара медицинска белешка за неговата здравствена состојба и ќе се води контрола на вакцините.

На систематски прегледи ќе подлежат вработените, кои ќе се спроведуваат преку Заводот за здравствена заштита на град Скопје. Редовно ќе се дезинфицира приборот за јадење, играчките, санитарните јазли и друго. Просториите во кои престојуваат деца редовно ќе се чистат, проветруваат, кварцираат, а ќе се користат и природни фактори - чист воздух, сонце, вода и друго. Постелнината редовно ќе се менува и одржува чиста, повремено и по потреба ќе се врши генерална(редовна и вонредна) дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во рамките на годишната програма за работа се планира и спроведување (по потреба) на вонредни дезинфекции и дезинсекции на објектот, како и превентивно здравствени мерки за поголема заштита и пред се превентива од евентуални заразни заболувања.

Воедно предвидена е и превентивна едукација на родителите во насока на подигнување на свесниот и одговорниот однос кон правилен хигиено-технички третман на децата во домашни услови.

Храната ќе се подготвува по однапред изготвена листа на јадења, во централната кујна, сместена во објектот "Расадник".

### *6. Работа на директорот*

Директорот како раководен орган на ЈДГ, во својата работа ќе се раководи согласно уставните и законските одредби, како и статутарните акти на ЈДГ, а во непосредна соработка со општина Кисела Вода, Министерството за труд и социјална политика на Р.Македонија, како и со други стручни институции, воспитно-образовни асоцијации, стручни лица кои повремено и по укажана потреба ќе бидат консултирани.

Во својата работа директорот ќе биде главен организатор и координатор на целокупната работа на градинката. Дел од задачите кои ќе бидат главна преокупација во оваа година се:

- подготвување Годишна програма за работа на ЈДГ и други видови програми и планови, утврдување проекции за развојот и работата на градинката;

- активно ќе се посвети на подготовките, планирањата, осмислувањето и поставувањето на базичните основи на со оваа програма испланираните за реализација проекти на ниво на установа;
- изготвување предлог задолженија за членовите на стручните органи во ЈДГ за изработка на одделни делови - поглавја од Годишната програма и селектирање на најбитните - приоритетни задачи кои треба да се имаат предвид при изработка на одделни делови - поглавја од Годишната програма за работа на ЈДГ;
- формирање(осмислување) на основните тези според кои постојаните членови на стручниот совет ќе треба да ги изготвуваат своите годишни програми за работа кои како составен дел ќе се појават во основната Годишна програма за работа на установата;
- организирање на работата согласно програмските задачи, анализирање на сеопштите услови за нормално остварување на целокупната дејност во ЈДГ;
- ќе врши посети на воспитните групи во сите видови активности, ќе ја следи, координира и насочува згрижувачко - воспитната, воспитно-образовната и другата дејност, од страна на негователките, воспитувачите, стручни соработници и останатите работници во ЈДГ;
- ќе остварува задолжителни разговори, консултации, советување со работниците со цел да се подобрат констатираните недостатоци и да се унапредува дејноста.
- Иницирање, координирање, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на градинката и нејзината актуелност;
- ќе остварува непосредно блиска, коректна, професионална и издржана соработка и комуникација со надлежните органи како од општина Кисела Вода така и од ресорното министерство – МТСП на Р. Македонија;
- следење и координирање на планирањето, програмирањето и реализацијата на разните форми и активности на стручно усовршување на вработените во ЈДГ и редовно упатување на сите други соодветни стручни средби кои се организираат надвор од градинката;
- ќе се грижи за обезбедување на градинката со најнеопходна стручна литература и ќе обезбеди оптимални услови за нејзино користење од страна на кадарот. Исто така ќе се вклучи во изготвување на соодветни стручни материјали за потребите на стручното усовршување на градинката и надвор од неа;
- ќе остварува непосредна , коректна и професионална комуникација и соработка на градинката;
- ќе работи за општото добро на установата особено посветувајќи се на издигнување на нејзиниот квалитет и рејтинг над сите установи од исти тип;
- максимално ќе се вложува во јавното презентирање на установата преку сите можни медиуми;

- организирање на стручни расправи и трибини по новоизлезена стручна литература и периодика од областа на педагошко - психолошката наука;
- индивидуално ќе работи на сопствено педагошко - психолошко стручно усовршување и учество на советувања, семинари и други стручни средби кои ќе ги организира Бирото за развој на образованието и други стручни институции;
- прифаќање и воведување во работата на негователките, воспитувачите и други стручни работници - почетници во работата, запознавање со условите за работа во градинката и со задачите кои произлегуваат зависно од работното место, а се зацртани во Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈДГ и Програмата за работа на ЈДГ;
- давање неопходна помош во организирањето и реализирањето на активностите од страна на негователките и воспитувачите, запознавање со педагошката документација и давање стручни насоки за нејзино правилно водење и континуирано следење на нивната стручна работа;
- давање стручна помош во планирањето и програмирањето на работата на Стручниот совет на градинката, следење, насочување, поттикнување и координирање на нивната работа;
- следење и давање стручна помош на одговорните воспитувачи со група во сите објекти;
- целосна насоченост и грижа за вработените и нивното здравје преку организирање на едукативни дружења и работилници како и спортска активност на вработените во просториите на установата (на доброволна основа) за вежбање т.е тренирање "ЗУМБА";
- целосна грижа за унапредување на работата на стручните органи и целокупната дејност во ЈДГ;
- анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на градинката, како и планирање на негователките, воспитувачите и другите стручни соработници;
- изготвување на анализи, извештаи, информации и други податоци во врска со реализирањето на Програмата за воспитно - образовната дејност во предучилишното воспитание и образование;
- ќе врши увид во финансиското, материјалното и административното работење;
- заради немање соодветно стручно лице-лекар и медицинска сестра, во соработка со аналитичарот-евидентичар целосно ќе се посвети и ангажира во осмислување на листите за јадење и набавувањето на храна според нормативите предвидени од Заводот за економика и домаќинство на Македонија;
- ќе учествува во работата на Управниот одбор, ќе го информира за состојбата, целокупната работа во ЈДГ и ќе ги реализира донесените одлуки и заклучоци;
- ќе се залага за дисциплина и одговорност на вработените за поуспешно извршување на работните задачи, за успешно економично и рационално работење;

- според донесениот план за ангажирање на лица-волонтери во рамките на работењето, ќе се ангажира во целост истиот да го почитува,имплементира и спроведува, да ја следи и контролира нивната работа и ангажман, да ги насочува во рамките на нивното ангажирање и од истите да побара поднесување на периодичен извештај кој на крајот како сумиран ќе влезе во рамките на Годишниот извештај за работа за изминатата година;
- ќе соработува со родителите вклучувајќи ги во органите на управување на ЈДГ, давање насоки за застапување на најадекваднитe форми на соработка, исто така, со родителите ќе се организира советодавна дејност за вклучување во одделни активности во градинката, заради подобрување на условите за работа;
- организирање стручни средби со родителите на децата од градинката, со цел да се дадат насоки за правилно воспитување и одгледување на нивните деца во родителскиот дом;
- директорот ќе се залага за подобрување на општите услови за работа, просторно опремување, тековно одржување, дополнување и обновување на дидактички и основни средства за успешно изведување на воспитно - образовниот процес и целокупниот живот на детето во градинката;
- ќе работи на имплементирање, организирање и реализирање на низа едукативни предавања, трибини и мини семинари во рамките на институцијата ив о рамките на општина Кисела Вода;
- усогласување на актите на ЈДГ со Законот за заштита на децата.

***7. Работа на правно-административно, финансиско-сметководствено и техничкиот кадар***

Во текот на оваа година, правно-административниот кадар ќе се грижи за извршување на следните задачи:

- редовно ќе ги следи и имплементира законските прописи;
- ќе работи на своето стручно усовршување преку следење на семинари, обуки, работилници итн.;
- ќе се подготвуваат материјали за седниците на Управниот одбор;
- ќе изготвува правилници и други акти;
- уредно ќе ја води кадровската и персоналната документација, архивата, водење на коресподенцијата со надлежни служби, изготвување статистички извештаи и др.
- редовно ќе се водат потребни аналитики сé во интерес на доброто (рентабилно) работење на установата;
- редовно, одговорно и осмислено ќе врши имплементација на сите значајни новини и измени во рамките на законските правила и прописи во рамките на редовното работење;
- ја води документацијата на Одбраната на детската градинка и врши нејзино усогласување со Плановите за одбрана на ОКВ;
- ќе работат на квалитетно осмислена и искреирана писмена коресподенција во и надвор од институцијата;

Извршителите на финансиско-сметководственото работење ќе се грижат за реализирање и остварување на :

- подготовка и изработка на финансов план;
- евидентирање на сите книговодствени работи;
- евиденција на сите уплати-исплати и присутни деца;
- изготвување на платни списоци на вработените;
- изготвување на платни списоци за лицата ангажирани преку АПВ;
- изготвување на пресметки за исплата на ангажираните волонтери;
- следење на состојбата на наплата на обврски на родителите кон градинката за престо во градинка;
- изготвување извештаи и слично.

Извршителите за подготвување на храната како и дотурот на храната (готвачите, пом.-готвачите, домаќинот, садомијачките и помошниот персонал на сите објекти) ќе се грижат за:

- поквалитетно снабдување и подготвување на храната за децата, запазувајќи ги нормативите од Републичкиот завод за економика и домаќинство;
- ќе се придржуваат на пропишаната листа на јадења;
- ќе водат сметка за естетската и хигиенската состојба на кујната.
- ќе настојуваат во голема мерка да придонесат и во континуитет да ги реализираат потребните постапки за имплементираниот HACCP стандард.

Работниците за одржување на хигиената на просториите, редовно и уредно ќе ги запазуваат максималните хигиенски услови, а особено внимание ќе посветат на одржување на хигиената во кујните и другите простории каде што престојуваат децата. Ќе вршат редовна дезинфекција на санитарните јазли,инвентарот и останатата опрема во установата , а најмалку два пати месечно ќе вршат генерално чистење на објектите.

Градинарите ќе се грижат за одржување на дворовите и нивното хорти-културно уредување.Воедно нивната рбота ќе биде насочена и кон одржување на површината на покривите, чистење на олуците, како и навреме собирање на сувите лисја се со цел истите да не бидат причина за запушување на одводот на водата од покривите.

Извршителите за одржување на хигиената на постелнината на децата ќе се грижат на време и уредно постелнината да биде испрана и испеглана и транспортирана (испратена ) по објекти.

## VI. *СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКАТА И ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА*

### *1. План за работа на стручните тела*

Во ЈДГ ќе дејствуваат следните стручни тела:

- Стручен совет;
- Совет на воспитувачи;
- Совет на негователи;

### *1.1. Стручен совет*

Стручниот совет го сочинуваат директорот, педагогот , логопедот , и по еден преставник од Советот на воспитувачи и Совет на негователи на ниво на секој објект при на ЈДГ”8 Март” на општина Кисела Вода во град Скопје. Во текот на годината тој ќе ги реализира следните задачи:

- формирање воспитно - образовни групи;
- разгледување Годишна програма за работа на ЈДГ и посебни планови за работа;
- разгледување на актуелна стручна литература и периодика;
- разгледување и усвојување новини во работата;
- разгледување и усвојување, годишна програма за стручно усовршување на кадарот и работа на стручните тела;
- решавање прашања од витално значење за градинката и сл.

Работата на Советот ќе биде регулирана со посебен годишен план за интерна употреба.

### *1.2. Работа на Советот на воспитувачи*

Советот на воспитувачи го сочинуваат воспитувачите, педагогот , директорот, и логопедот. Во текот на годината тој ќе ги оствари следните задачи:

- разгледување и усвојување на извештаи, анализи, резултати од воведени новини и сл.;
-следење на непосредната работа со децата;
-усовршување на воспитно - образовниот процес (евалуацијата, самовреднувањето, стручното усовршување);
- учество во стручен печат и учество на стручни собири;
- разработка на стручна литература и периодика;
- јакнење на самодовербата и соработката кај кадарот;
- оплеменување на ентериерот и екстериерот на градинката;
- планирање и усовршување на учествата во јавни и културни манифестации;
- пренесување искуства од непосредната работа со децата;
- јакнење на комуникацијата со децата и правилен третман на детската личност.( во оваа насока реализирање на стручно-едукативно предавање на тема "Комуникација и однос кон децата од предучилишна возраст- организирано од страна на директорот на установата);

Своите задачи Советот ќе ги реализира преку различни форми на дејствување и тоа:

- разработка на стручни теми (теоретски излагања);

- дискусии;

- тренинзи (практични усвојувања на сознанија и вештини во рамките на состаноците и разговор по нив);

- истражување и информирање за резултатите од него.

Во врска со непосредната работа со децата ќе бидат разработувани најновите сознанија за развојот на детската личност воопшто, а посебен акцент ќе се стави на емотивниот, когнитивниот и моралниот развој, техниките на приод и прифаќање на секоја детска индивидуа и нејзин развој, за која цел по потреба ќе бидат поканети и стручни лица од надвор. Истото ќе се разработува на неколку состаноци( или во други посебни термини) и ќе има за цел да го усовршува методскиот приод во воспитното влијание врз децата.

Евалуацијата и самовреднувањето, иако досега разработувани, исто така ќе бидат ставени во функција на усовршување на непосредната работа со децата, а преку стручно усовршување за начините, постапките на вреднување и согледување на резултатите од него.

Во текот на својата работа членовите на Советот ќе бидат активирани и практично ангажирани во решавање на ситуации од различен тип.

Во текот на годината можни се разработки на теми и литература поврзани со некоја моментална актуелна проблематика во воспитно-образовната работа.

Во рамките на теоретскиот дел ќе биде разработена и стручна литература, која е актуелна.

За остварување на својата дејност Советот ќе се раководи според интерна годишна програма со месечни распределувања на содржините во неа. Ќе се состанува еднаш во месецот во полн состав, еднаш во неделата - консултативно по објекти, а по потреба и почесто.

### ***<u>1.3. Работа на Советот на негователки</u>***

Советот на негователки го сочинуваат сите негователки , директорот, педагогот и логопедот на ЈДГ. Во текот на годината ќе решава прашања од згрижувачко – воспитен и превентивно - здравствен карактер, а согласно со Програмата за воспитно - образовна работа со деца од предучилишна возраст.

Како и минатата, така и оваа година посебно внимание ќе се посвети на улогата на негователката во планирањето и реализирањето на воспитно - образовниот процес, како и планирање на работата во јаслите. Согласно со тоа, во поглед на стручното усовршување на кадарот во текот на наредната учебна 2014/2015 година од страна на директорот, педагогот, воспитувачите, логопедот и стручни лица вон градинката ќе се реализираат следните теми:

- Континуирано воведување на воспитувачите за активно користење на електронска апликација за ЕКО-градинка ,како продолжение на реализација на програмата-проект “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” -координатор на Програмата воспитувач Мирјана Китановска
- Теоретско предавање на тема " Градинка каква посакувам , градинката која ја знам " - педагогот на установата

- Практично теоретско предавање " Користење на Работни книги за родителите според различни стандарди од детскиот развој"-со цел за реализација на работилници -педагогот на установата
- Воведни предавања во Монтесори педагогијата-координатор на Монтесори програма - воспитувач Ирена Биџовска
- Теоретско предавање на тема:"Поврзаноста на слухот и говорот" "-логопедот на детската градинка
- Теоретско,практично и истражувачки активности под наслов "Рефлективната педагогија и раното учење и развој"- Проф Д-р Лена Дамовска
- Реализација на обука на негователскиот кадар за имплементација на стандардите во реализација на воспитно образовната работа на негователскиот кадар

Советот ќе се состанува неколку пати годишно во полн состав и според интересите на воспитно - образовната дејност.

Задачи на Советот на негователки во текот на годината ќе бидат следните:

- унапредување на згрижувачко - воспитната дејност;
- стручно усовршување на кадарот и разработка на стручна литература;
- водење на педагошка документација;
- грижа околу условите за прием, престој и испраќање на децата;
- грижа околу превентивно - здравствените мерки за развојот на децата и здравствено - воспитни влијанија;
- усовршување на работата во јаслите;
- решавање на актуелни прашања;
- јакнење и подобрување на комуникацијата со децата;

Форми преку кои ќе дејствува Советот на негователки се следните:

- теоретски излагања;
- подобрување на квалитетот на воспитно –образовни активности;
- дискусии и размена на искуства;
- тренинг;
- обработка на стручна литература;
- дејствување вон рамките на состаноците.

Редовно ќе биде разработувана стручна литература како и литература за јакнење на личноста на секој член од Советот. Покрај тоа, ќе се реализира пренесување на искуства и сознанија од присуства на семинари и предавања и од реализирани специфични активности и ситуации.

Советот на негователки својата дејност ќе ја остварува според однапред подготвена годишна интерна програма со месечно распределување на содржините и активности во неа.

**СТРУКТУРА НА КАДАР И ПОТРЕБИ ОД КАДАР ВО ЈДГ"8МАРТ"НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**

**I.Директор**

| | | |
|---|---|---|
| 1.Снежана Кливановска | ВСС | 21г. 8м |

**II. Педагог**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Мира Ѓорѓиевска | ВСС | 20г. 8м |

**III.Логопед - ангажиран 30 часа неделно**

| | | |
|---|---|---|
| 1.Мартина Ѓуровска | ВСС | 1г. 1м. |

**IV.Психолог**

**НАПОМЕНА:**Работното место психолог е систематизирано, но не пополнето.

**V.Дефектолог**

**НАПОМЕНА:**Работното место дефектолог е систематизирано, но не пополнето.

**VI. Воспитувачи**

| | | |
|---|---|---|
| 1.Почепова Лилјана | ВШС | 34 г 10м |
| 2.Цветанова Славица | ВШС | 39г 6м |
| 3.Видеска Станка | ВШС | 28г 7м |
| 4.Јовановска Татјана | ВШС | 27г 5м |
| 5.Панзова Ленче | ВСС | 34г 10м |
| 6.Поповска Љубица | ВСС | 28г /м |
| 7.Калиманова Вера | ВСС | 29г 11м |
| 8.Арсова Сунчица | ВСС | 17г 7м |
| 9.Николовска Олгица | ВСС | 33г 5м |
| 10.Ристовска А. Виолета | ВСС | 16г 5м |
| 11.Савовска Силвана | ВСС | 20г 9м |

| | | |
|---|---|---|
| 12.Јовановска Анита | ВСС | 8г 8м |
| 13.Топузоска Павлинка | ВСС | 8г 3м |
| 14.Стевковска П. Наташа | ВСС | 6г /м |
| 15.Николовска Ирена | ВСС | 7г 3м |
| 16.Цветановска Мирјана | ВСС | 8г 8м |
| 17.Велковска Билјана | ВСС | 7г 4м |
| 18.Неделковска Менка | ВСС | 7г 3м |
| 19.Стефановска Ангелина | ВСС | 7г 4м |
| 20.Лекоска Снежана | ВСС | 7г 3м |
| 21.Николовска Светлана | ВСС | 7г 9м |
| 22.Маја Бошковска | ВСС | 6г /м |
| 23.Софија Санев | ВСС | 5г 5м |
| 24.Кузмановска Васка | ВСС | 4г 1м |
| 25.Ѓорѓиоска Мирјана | ВСС | /г 11м |
| 26.Блажевска Анета | ВСС | 2г /м |
| 27.Јовевска Милка | ВСС | 2г 2м |
| 28.Трајчевска Маја | ВСС | 3г 1м |
| 29.Стојановска Љубица | ВСС | 4г 8м |
| 30.Илиевска Елисковска Јулијана | ВСС | / г 10м |
| 31.Колевска Сузана | ВСС | 6 г /м |

**<u>НАПОМЕНА:</u> -2(два) воспитувачи во текот на 2014 год. замина во пензија за што имаме поднесено барање за согласност како и ургенција на истите.**

***<u>VII. Негователки</u>***

| | | |
|---|---|---|
| 1.Дељанин Алида | ССС | 34г 10м |
| 2.Секулоска Сузана | ССС | 21г 5м |
| 3.Синадиновска Марина | ССС | 27г 11м |
| 4.Ѓорѓиевска Гордана | ССС | 7г 8м |
| 5.Спасовска Лена | ССС | 30г /м |
| 6.Ќосовиќ Верка | ССС | 30г /м |
| 7.Жнакина А. Кристина | ССС | 6г 3м |
| 8.Стојановска Олгица | ССС | 36г 5м |
| 9.Ѓоревска Татјана | ССС | 34г 10м |
| 10.Анчевска Радмила | ССС | 19г 5м |
| 11.Тренкоска Јулијана | ССС | 21г 4м |
| 12.Маре Стојковска | ССС | 9г 8м |
| 13.Бужаровска Елена | ССС | 15г 10м |
| 14.Марковска Снежана | ССС | 16г 1м |
| 15.Талевска Виолета | ССС | 31г /м |
| 16.Спасовска Татјана | ССС | 28г 6м |
| 17.Сталетовиќ Јордана | ССС | 36г 11м |
| 18.Димитриевска Јулијана | ССС | 21г /м |

| | | |
|---|---|---|
| **19.Дамчевска Јулијана** | **ССС** | **27г 5м** |
| **20.Паркачева Ивона** | **ССС** | **17г /м** |
| **21.Дојчиновска Јасминка** | **ССС** | **28г 6м** |
| **22.Панкова Лидија** | **ССС** | **16г 6м** |
| **23.Калпакова Ј. Снежана** | **ССС** | **15г 5м** |
| **24.Спахиќ Ќамиле** | **ССС** | **12г /м** |
| **25.Ангелоска Оливера** | **ССС** | **28г 4м** |
| **26.Фидановска Славица** | **ССС** | **26г 11м** |
| **27.Спасовска Марија** | **ССС** | **17г 7м** |
| **28.Весна Христовска** | **ССС** | **14г 1м** |
| **29.Снежана Крстевска** | **ССС** | **28г 7м** |
| **30.Блажевска Јулијана** | **ССС** | **18г 2м** |
| **31.Стојановска Марина** | **ССС** | **14г 8м** |
| **32.Лактински Александра** | **ССС** | **7г 3м** |
| **33.Крстевска Елизабета** | **ССС** | **7г 3м** |
| **34.Пеневска Билјана** | **ССС** | **7г 4м** |
| **35.Велигденова Елизабета** | **ССС** | **5г 10м** |
| **36.Делоска Лолита** | **ССС** | **7г 5м** |
| **37.Василева Даниела** | **ССС** | **7г 11м** |
| **38.Паковска Добринка** | **ССС** | **10г 7м** |
| **39.Жилиќ Марина** | **ССС** | **4г 8м** |
| **40.Огненовска Загорка** | **ССС** | **4г 11м** |
| **41.Велкоска Елена** | **ССС** | **4г 8м** |
| **42.Продановска Роза** | **ССС** | **17г 4м** |
| **43.Ангелковска Кети** | **ССС** | **4г 8м** |
| **44.Трајковиќ Спасевска Тијана** | **ССС** | **2г 9м** |

**НАПОМЕНА:** - **Вработената Даниела Василева е со статус на определено време како замена за отсутен работник и исполнува услов за трансформација на работен однос на неопределено време од причина што истата има непрекинат стаж од 7 год. и 11 месеци и за истото имаме побарано согласност за трансформација на работниот однос.**

**VIII. Медицинска сестра**

1.Една негователка ги извршуваат основните прегледи и ја водат основната здравствена евиденција за децата без никаков надомест.За време на нејзиното отсуство од група, во нејзината група влегува замена .

**НАПОМЕНА:**Согласно нормативите за вршење на дејноста се јавува потребата од ангажирање на 1(едно) лице главна медицинска сестра на неопределено време.

**IX. Музичар**

1. Една негователка ги реализира активностите по музичко воспитание во сите воспитни групи без дополнителен надомест.

**X. Правно - административни и финансиско - сметководствени работи**

| | | |
|---|---|---|
| 1.Анѓица Иванова | ВСС | 16г 5м |
| 2.Габриела Стевковска | ССС | 7г 3м |
| 3.Грозданка Драгановска | ССС | 34г 8м |
| 4.Цветанка Гајдовска | ССС | 7г 9м |
| 5.Стојмирка Анѓелеска | ССС | 34г 6м |

| | | |
|---|---|---|
| **XI. Набавка и издавање на прехранбен и друг материјал, управување со возило** | | |
| 1. Вељановски Љубиша | ССС | 30г. 3м. |
| 2. Стојановски Бобан | ССС | 7г 4м |

**XII. Одржување на средствата, загревање на просториите, обезбедување на имотот и градинарски работи**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Алили Сами | ПК | 34г. 10м |
| 2. Неделковски Тодор | КВ | 36г. /м |
| 3 .Живко Спасовски | КВ | 37г. 4м |

**XIII. Исхрана на децата**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Василевска Јаглика | ССС | 35г. / |
| 2. Трајковска Валентина | ССС | 19г. /. |
| 3. Трпчевска Стева | НСС | 7г 3м |
| 4. Светлана Ристовска | НСС | 5г 10м |
| 5. Николоска Наташа | НСС | 9г 8м |
| 6. Веловска Љупка | ПК | 8г. 3м |
| 7. Зафировска Лена | ПК | 31г 7м |
| 8. Димовски Злате | ПК | 6г. 2м. |
| 9. Боцевска Форка | НСС | 21г 9м |
| 10. Татјана Анастасовска | НСС | 7г /м |
| 11. Ѓорѓиевска Јагода | НСС | 22г 5м |
| 12. Георгиевска Благица | НСС | 26г. 1м |
| 13. Жаклина Борисова | ССС | 8г / |
| 14.Савовска Гордана | ССС | 11г 5м |

**XIV. Одржување (перење, пеглање, крпење) на постелнина и облека**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Насевска Елизабета | НСС | 17г 8м |

**НАПОМЕНА:** 1(едно) работно место перачка-пеглачка е упразнето поради отказ од страна на работникот и за истото имаме поднесено барање за согласност.

**XV. Одржување на хигиената**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Киранџиска Светлана | НСС | 18г. 2м. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Димовска Дивна | НСС | 31г. | /м. |
| 3. Дамјановска Здравка | НСС | 21г. | 2м. |
| 4. Цветковска Снежанка | НСС | 33г | 11м |
| 5. Димовска Трајанка | НСС | 21г | 1м |
| 6. Наумовска Снежана | НСС | 18г | 10м |
| 7. Елизабета Китановска | НСС | 6г. | 9м |
| 8. Стојчевска Сузана | НСС | 9г | 4м |
| 9. Јаневска Ружица | НСС | 7г | 3м |
| 10. Бошковска Мирјана | НСС | 20г | 11м |
| 11 Огненовска Марина | НСС | 6г | 1м |
| 12. Трајковска Виолета | НСС | 16г | 9м |
| 13. Мирјана Секуловска | НСС | 25г | / м |
| 14 Маријана Петрушевска | НСС | 5г | /м |
| 15. Светлана Трајковска | НСС | 1г | 5м |
| 16.Даниела Михајловска | НСС | 1г | 5м |

### *VIII. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ*

ЈДГ “8 Март” на општина Кисела Вода во град Скопје во рамките на своето работење до крајот на месец Септември во соработка меѓу директорот и книговодителот, какои останатите служби од каде се бараат податоци, состојби и извештаи, изработуваат предлог финансов план за 2015год. според рамки и насоки кои ги добиваме од Секторот за финансирање и буџет при општина Кисела Вода.

Според досегашните искуства од неколку години наназад од нас се бара кратење на средствата на буџетот на намемската сметка од за нас непознати причини.

Установата вклопувајќи се во таквите барања голем дел од обврските кои по редот на нештата би требало да се планирани на сметка на која ни се префрлаат блок дотациите ,иститe ги префрламе и ставаме на товар на самофинансирачката каде влегува приливот од страна на уплатите на родителите и од каде најприоритетно треба да обезбедиме средства за набавка на храна, средства за хигиена, дидактика и сл. – ставки кои ни се неопходно потребни за децата згрижени во нашата градинка.

### *IX. ОСНОВНИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА РАБОТА*

За непречено одвивање на дејноста за оваа година ЈДГ има потреба од набавка на следните основни средства и опрема:

- дидактички материјал;
- инсталирање на алармен систем;
- мебел: обновување на плакарите според нова програма за пуштање и чување на креветчињата;

## ***X. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ***

Оваа година потребни се средства за тековно одржување на објектите и тоа:

- Делумно (на преостанатиот дел) санирање на покривот во објект"Расадник"
- Делумно санирање на покривот "Пеперутка 1 и 2" - таму каде протекува;
- Санирање и на некои места замена на олуците;
- Промена на столаријата(прозори и врати) во објект "Расадник" и "Пржино";
- Фарбање и поставување изолација на фасадата во објектот "Расадник" и "Пржино";
- Санирање на санитарните чворови по сите објекти;
- Лакирање на паркетите во сите објекти;
- Промена на осветлувањето во просториите и ходниците во "Пржино", "Пеперутка 1 и 2";
- Опремување на дворовите со систем на наводнување;

За наведените инвестиции установата ќе се обрати со барања до :

-МТСП на Р. Македонија

-Општина Кисела Вода

- бизнис заедницата во рамки на општината

Изработиле:

Директор

____________________

Снежана Кливановска

Педагог

____________________

Мира Ѓорѓиевска

Претседател на У.О

____________________

Мира Ѓорѓиевска